Досегашниот систем за следење на квалитетот во целокупното работење на Факултетот се извршува преку спроведува самоевалуација на секои 3 години. Во извештаите за самоевалуација, опфатени се: (1) студиски програми, (2) наставен и соработнички кадар, (3) стручна и административна служба, (4) наставно-образовна дејност, (5) научно-истражувачка дејност, (6) студенти, (7) просторни и материјални капацитети, (8) логистика, (9) надворешна соработка и (10) финансирање. Во рамките на овие извештаи, опфатени се резултати од студентски анкети за соодветниот извештаен период, по семестри за предмети од првиот и вториот циклус на студии. Анкетирањето на студентите за оценување на квалитетот на наставата се спроведува согласно: (1) Законот за високото образование (Сл. весник на РМ, бр. 82/18) и (2) Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот (Универзитетски гласник, бр. 244, 30 април 2013). Процесот се извршува преку сопствен, онлајн систем за анкетирање достапен за сите студенти преку веб страница. Анкетирањето се спроведува во текот на академската година за секој семестар одделно, при крајот на семестарот, а пред заверување и запишување на семестарот, согласно годишниот календар на активности и неработни денови. Известувањето за периодот на спроведување на анкетирањето се спроведува преку доставување на e-mail известување до студентите од страна на студентската служба. Прашањата во анкетниот прашалник се стандардизирани за сите единици на Универзитетот, а се утврдува мислењето на студентите за следниве аспекти: (1) подготвеност за предавања и вежби, (2) квалитет на настава, (3) редовност на настава и	

рационално искористување на време, (4) достапност за

консултации, (5) однос кон студент, (6) обезбеденост на соодветен материјал за учење и (7) објективност при оценувањето.

Според податоците од извештаите за самоевалуација, просечните оценки од студентските анкети за првиот циклус на студии од учебната 2019/2020 до последната обработена анкета за учебната 2021/2022 година се движат помеѓу 9.43 и 9.68, а максималната предвидена оценка изнесува 10. За вториот циклус, просечните оценки за учебната 2021/2022 година, од кога и започна анкетирање за овој циклус, се движат помеѓу 9.62 и 9.68.

Факултетот не применува други алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието, работата на сите служби и задоволството во текот на студиите.

Прилози
Прилог 1.2. А. Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот
Прилог 1.2. Б. Известување за спроведување студентска анкета за зимски семестар 2023-2024

1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет.

Факултетот ја следи моменталната состојба во науката и образованието од соодветното поле и преку реакредитацијата на студиските програми на секои 5 години, врши развој, унапредување и прилагодување на студиските програми. Дополнително преку извештаите за самоевалуација се формира мислење за квалитетот на факултетот, студиските програми и наставно-образовниот процес, поврзаноста на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на факултетот и се следи структурата, квалитетот и унапредувањето на академскиот кадар.

Во процесите на своето работење, факултетот поттикнува координација и соработка помеѓу сите засегнати страни, преку активно вклучување на релевантните чинители.

Студентите се редовно вклучени во оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес преку студентски анкети, активно земаат учество во органите и телата на факултетот (ННС и ДУ) и се организираат дебати, групни и индивидуални разговори за теми поврзани со процесите на факултетот.

Согласно законските норми, формиран е Одбор за доверба и соработка со јавноста со чија работа би требало да придонесе во подобрување на квалитетот на реализација на наставно-образовниот, научно-истражувачкиот процес и апликативните дејности на факултетот.

Во овој момент, факултетот не располага со релевантни извештаи, препораки и примери за вклучување на други релевантни институции во процесот на обезбедување квалитет.

Прилози
/

1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет.	Одлука за формирање Совет за квалитет на факултетот

До почетокот на летниот семестар за учебната 2023/2024 година, факултетот нема формирано посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет.

Согласно Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици, во текот на мај 2024 година, факултетот формира Совет за квалитет на единицата, составен од 5 члена, чија главна активност е изготвување и доставување до ННС на факултетот на предлог годишен акциски план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста.

Прилози
Прилог 1.4. Одлука за формирање Совет за квалитет на факултетот

1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата.	Извештај за самоевалуација 2016-2019 Извештај за самоевалуација 2019-2022
Факултетот преку наставно-научниот совет ги разгледува и дискутира информациите кои произлегуваат од досегашниот систем за обезбедување квалитет, односно извештаите од самоевалуациите, и дава конкретни предлози за дополнување и подобрување на истите пред нивно конечно усвојување. Во однос на последниот извештај од самоевалуација на факултетот за периодот 2019-2022 година, членовите на ННС дале повеќе предлози и коментари, како на пример: (1) изготвување стратешки документ како основа на подолгорочен план на активности со дефинирање на индикатори, со цел надминување на слабостите кои се регистрирани во самиот извештај, (2) анкетирање и на фирмите во кои има вработено кадар кој произлегол од Градежниот факултет за проценка на нивниот квалитет, (3) изготвување стратегија за следните 5 години базирана на позитивните аспекти, а за надминување на негативните состојби дадени во извештајот и (4) заложба од деканатот за поставување иницијатива за исполнување на критериумите дадени во извештајот. До овој момент не постојат акциски планови или релевантни документи за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите. Мал дел од заклучоците и препораките од претходните извештаи од самоевалуациите може да се сретнат во годишните програми за работа на факултетот и во програмите за избор на декан на факултетот. Сите спроведени самоевалуации на факултетот од 2007 до 2022 година, по нивното усвојување на ННС, редовно се објавуваат на веб страницата на факултетот.	
Прилози Прилог 1.5. А. Записник од седница на ННС за Разгледување и усвојување на Извештајот за самоевалуација за 2019-2022 Прилог 1.5. Б. Одлука за реализација на годишна програма за работа на Градежниот факултет за 2024 година Прилог 1.5. В. Инсерти од видео материјал од Програма за избор на декан за период 2022-2025	
1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1]	Извештај од надворешна евалуација од претходниот период; Акциски план; Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план.
На факултетот не е спроведена надворешна евалуација во претходниот изминат период. Надворешна евалуација е направена единствено на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (УКИМ) како целина во рамки на Програмата за институционална евалуација (ПИЕ) на Европската асоцијација на универзитети (ЕАУ), спроведена во 2015 година. Во заклучоците се потенцира капацитетот на УКИМ да работи во ограничена средина, прагматичниот пристап за носење одлуки и свесноста за неговата улога во рамки на државата. Се наведува дека ефикасноста би можела да се зголеми ако се централизираат некои клучни услуги (пр. пишување предлози за грантови), спроведување заедничка стратегија за настава и учење, истражување, интернационализација и внатрешно обезбедување квалитет.	
Прилози Прилог 1.6. Контролен извештај за евалуација на УКИМ	

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

СТАНДАРД 2

СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ	
Индикатор	**Документација**
2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).	Акт во кој е регулирано прашањето;

Градежниот факултет-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е најстарата и најзначајната образовна и научно-истражувачка установа во Република Северна Македонија од областа на градежништвото, геодезијата и геотехниката. Факултетот е единствена институција во државата која истовремено врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус на студии, научно-истражувачка и апликативна дејност во подрачјето на техничко-технолошките науки, на полето на градежништвото и геодезијата, како и други со нив поврзани наставно-научни, истражувачки и стручни области.

Факултетот е формиран во 1949 год., како дел од Техничкиот факултет, кој што се состоел од два оддела: Градежен и Архитектонски. Во овој период се забележал недостаток на наставно-научен потенцијал и работни услови за изведување на наставните процеси, па покрај матичните осум професори и тројца соработници во изведувањето на наставата се вклучуваат и професори од други факултети од Скопје, Белград и Загреб.

По неполни десет години во склоп на Техничкиот факултет се формираат Машинскиот, Електротехничкиот и Технолошко-металуршкиот оддел, а во 1965 година Техничкиот факултет се поделил на поединечни факултети. Во рамки на организациската реформа од Градежниот и Архитектонскиот оддел се формирал Архитектонско-Градежен факултет. Во 1975 година е направена уште една реформа во која Градежниот и Архитектонскиот факултет се раздвојуваат и понатаму функционираат како два самостојни факултети.

Добрата кадровска екипираност, порастот на потребите во стопанството, што придонело за пораст на бројот на студентите не само од нашата, туку и од други републики од тогашната држава Југославија, па и од странство, се само дел од мотивите во 1975 година да се формира самостоен Градежен факултет со сопствена организациска целина во шест институти: материјали и конструкции, хидротехника, патишта и железници, организација и механизација, геотехника и геодезија и едно одделение за математика и електронски-пресметувачки центар. Покрај постојните три насоки: конструктивна, хидротехничка и патишта и железници, со новата организациска поставеност и за потребите на градежното стопанство, отворена е и насоката за организација и механизација во градежништвото. Студиите од прв степен по геодезија се отворени во 1978 година, во 2001 година започнаа студиите од VII1 степен по геодезија, додека пак во 2005 година започнува студиската програма по геотехника.

Од 1995 година, дејноста на факултетот се одвива во рамки на 14 катедри како основни организациски единици, а од 2009 година како повисок степен на организирање се оформени пет оддели, наведени во табелата 2.1. Согласно актите на факултетот, катедрите ги дефинираат предметните програми, го организираат изведувањето на наставата, како и научната и стручната дејност и развиваат соработка со стопански и други субјекти од земјата и од странство.

Самоевалуацијата на Градежниот факултет - Скопје е дел од процесот за евалуација на квалитетот и е дел од постапката на акредитација според законските акти на Република Северна Македонија. Нејзините основни цели се:

- Да претстави краток и содржаен преглед на факултетот, а особено на наставно-образовниот процес, земајќи го предвид влијанието на научноистражувачката работа врз наставниот процес,
- Да ги анализира добрите и слабите страни при вршење наставната и научноистражувачката дејност и да предложи корективни мерки,
- Да обезбеди основа која ќе послужи за вршење на самоевалуацијата што ја спроведува универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и за надворешна евалуација, која ја врши одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

- Самоевалуацијата има за цел да ги зголеми способноста и мобилноста на институцијата за континуирано подобрување на квалитетот и ефикасноста на институцијата преку:
- Формирање мислење за квалитетот на факултетот, студиските програми и наставно-образовниот процес,
- Формирање мислење за поврзаноста на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на факултетот,
- Следење на структурата, квалитетот и унапредувањето на академскиот кадар.

Покрај придружни закони, акти и документи, како на ниво на држава, така и на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Градежниот факултет има свои акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии:

- Статут на Градежниот факултет - Скопје (Универзитетски гласник, бр. 441/2019)
- Правилник за внатрешните односи и работењето на Градежниот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, бр. 389/2018)
- Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Градежен факултет – Скопје (Анекс 2) (Универзитетски гласник, бр. 383/2017)
- ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА 2019-2022
- Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Градежен факултет – Скопје (Универзитетски гласник, бр. 622/2022)
- Студиски програми на прв циклус студии (додипломски студии), втор циклус студии (постдипломски студии) и трет циклус (докторски студии) на Градежен факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
- Извештаи за самоевалуација на Градежниот факултет - Скопје од 2007, 2013, 2017 и 2020 година
- Извештаи за работењето и финансиски годишни извештаи (завршни сметки) со 2020, 2021 и 2022 година
- Извештај од 10.2.2023 година од комисијата за научно-истражувачка работа и меѓународна соработка на факултетот
- Различни интерни одлуки и упатства на Градежниот факултет – Скопје и уредби со законска сила и нормативи.

Прилози

Прилог 2.1. А. Статут на Градежен факултет-Скопје
Прилог 2.1. Б. Правилник за внатрешни односи и работење на ГФ-Гласник 389
Прилог 2.1. В. Правилник за систематизација на работните места на ГФ
Прилог 2.1. Г. Извештај за самоевалуација 2019-2022
Прилог 2.1. Д. Правилник за услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање-1 и 2 циклус
Прилог 2.1. Ѓ. Правилник за услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање-3 циклус
Извештај за самоевалуација 2007-2012
Извештај за самоевалуација 2013-2016
Извештај за самоевалуација 2016-2019

2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.	Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години); Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети; Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми; Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

Од своето формирање, па се до денес Градежниот факултет Скопје постојано ја проширува, унапредува и збогатува дејноста, приспособувајќи се на светските текови и стандарди, како и на потребите на стопанството и општествената заедница. Наставните планови и програми за студиите по градежништво постојано се усовршувани, перманентно следејќи го напредокот на науката и техниката, потребите на градежниот сектор, како и во согласност со промените што се случувале во општеството. Во минатото, системите на студирање и методите на настава биле повеќепати менувани и усовршувани. Благодарение на таквата политика, дипломираните инженери од овој факултет се покажаа како добри стручњаци и се добро прифатени не само кај нас, туку и во светот.

Појдовната цел при конципирањето на студиската програмата на прв циклус студии по градежништво, која е предмет на оваа реакредитација, е да се формира профил на градежен инженер со солидни теоретски и практични познавања од областите на научното подрачје градежништво и водостопанство, кој надополнет со мулти-дисциплинарните знаења и вештини од областите на геодезијата, геологијата, заштитата на животната средина, енергетската ефикасност, дигиталната комуникација, одржливиот развој и другите аспекти кои се во тесна корелација со градежништвото, во иднина, ќе биде лидер во справувањето со современите предизвици поврзани со обезбедување на сигурни, рационални и економични градби, квалитетна вода и санитарни услови, обновлива енергија, инфраструктура, брз и сигурен транспорт, менаџирање со природните ризици и катастрофи и сл.
Геодезијата и сродните научни дисциплини, имаат големо значење за секое општество, како и нашата долга

градителска традиција, поткрепена со моменталната изведба на капитални објекти, може да се заклучи дека станува збор за неисцрпно поле на истражување во кое геодетската струка бескомпромисно го зазема своето место. Од друга страна, треба да се посочи дека преку понудата на современи геодетски и гео-информатички наставни содржини, Градежниот факултет континуирано придонесува за вклучување на геодетската струка во современите текови на катастарските системи, чија што заложба е насочена во развојот и заштита на капиталот, а од друга страна и афирмација на истиот преку спроведување на соодветна правна рамка и евентуална соодветна негова валоризација.

Генералната цел на студиската програма по геотехничко инженерство е постигнување на компетенции и развојно/апликативно ориентирани академски вештини во предметните научни области. Тоа, покрај останатото, вклучува и развој на креативни способности за истражување на проблемите со способност за критичко мислење и нивно решавање, развивање на способности за тимска работа, мулти-дисциплинарност, владеење со научните методи и развивање на специфични практични вештини, потребни за напредување во професијата.

Прилози

Прилог 2.2. А. Студиска програма прв циклус студии по геотехничко инженерство
Прилог 2.2. Б. Студиска програма прв циклус студии по градежништво
Прилог 2.2. В. Студиска програма прв циклус студии по геодезија и геоинформатика
Прилог 2.2. Г. Студиска програма втор циклус студии по градежништво - конструкции
Прилог 2.2. Д. Студиска програма втор циклус студии по градежништво - транспортна инфраструктура
Прилог 2.2. Ѓ. Студиска програма втор циклус студии по градежништво - хидротехника
Прилог 2.2. Е. Студиска програма втор циклус студии по геотехничко инженерство
Прилог 2.2. Ж. Студиска програма втор циклус студии по геодезија
Прилог 2.2. З. Студиска програма трет циклус студии по градежништво
Прилог 2.2. S. Студиска програма трет циклус студии по геодезија

2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки.

Градежништвото во нашава земја има долга традиција. Тоа е една од стопанските гранки со најголем импакт во економскиот раст на државата. Во развојот на македонската економија, градежништвото има значајна улога. Од градежништвото како носечка гранка зависат многу други економски гранки. Државниот завод за статистика спроведува месечни, квартални, полугодишни и годишни истражувања со кои се следат активностите на македонските градежни компании во земјава и во странство, и од нив подготвува краткорочни извештаи, показатели, соопштенија и публикации. Дел од нив се достапни на веб страната на Државниот завод за статистика. https://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=20.
Несомнено е значењето на оваа стопанска гранка при изградба на инфраструктурата во населените места, магистралните и регионалните патишта, гасоводите, железничките линии, уредувањето на водотеците, изградбата на современи депонии и други градби.
Значајно е да се истакне дека кај нас постојат неколку поголеми градежни фирми, но и поголем број средни градежни претпријатија кои сосема задоволително се развиени и функционираат успешно на пазарот. Исто така, во државата егзистираат голем број на мали и средни компании од оваа област. Според сознанијата со кои располага Градежниот факултет, добиени од секојдневните контакти со фирмите на кои градежништвото им е примарна или придружна дејност, во моментот во оваа област се чувствува недостиг на кадар, пред се заради растот на градежништвото од сите аспекти и големиот број на започнати инфраструктурни објекти низ државата.

Имајќи предвид дека освен овие фирми, кои се главно специјализирани за градежни работи од најразличен карактер при изградба на објекти, стручњаци од областа на градежништвото се неопходни и при проектирањето на рударските и енергетските објекти, тогаш произлегува дека и во големиот број на фирми за проектирање и уште поголемиот број на фирми за градење на објекти, идните дипломирани градежни инженери би го нашле своето место. Во фирмите за надзор на работите при изградба на објекти, како и кај консалтинг-фирмите во градежниот сектор, неминовна е потребата од подмладок во стручниот кадар. Градежните конструктори, стручњаците по хидротехника и транспортна инфраструктура, секако дека би можеле да најдат свое место и во јавните претпријатија и државните служби, во комуналните претпријатија, државните агенции, фондови, а особено во локалната самоуправа, поради нејзините зголемени ингеренции, бидејќи градежништвото е мошне блиско, па е „преклопливо“ со заштитата на животната средина.

Сé на сé, преку неформално испитување на јавното (стручното) мислење за областа на градежништвото кое го прави факултетот, може слободно да се заклучи дека оваа стопанска гранка (иако и досега има) ќе има посоодветно место во севкупното живеење кај нас, како тоа од поодамна го прави развиениот свет.

Градежништвото како научна и стручна проблематика, е присутна кај македонските стручњаци кои се општествено организирани во соодветните друштва за механика, друштво на градежни конструктори, друштвото за хидрологија,

друштвото за патишта, друштвото за големи брани, за геотехника и други здруженија.

Вреди да се истакне, дека градежништвото е посебна област за која се издаваат соодветни овластувања од областа на градежништвото за проектирање, надзор, изведба и ревизија од страна на Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Сето ова укажува дека градежништвото кај нас, не само што има долга и добра традиција, туку има и просперитетна иднина.

Во РС Македонија постои јасна и цврста оправданост за редефинирање на постојниот циклус на студии со нова напредна и современа наставна материја од областа на геодезијата и геоинформатиката. Од друга страна, кога станува збор за дефинираност на пазарот на трудот и потребата од високо образовани геодетски инженери, треба да се истакне дека преку првиот циклус на студиите по геодезија и геоинформатика ќе се воспостави рамнотежа на потребите од високо квалификуван кадар на пазарот на трудот, кој го дефинираат Агенцијата за катастар на недвижности, повеќе градежни компании, потоа геодетските фирми од приватната геодетска пракса, стопанските организации, јавните претпријатија кои се занимаваат со водење на проекти од области на градежништвото и сл.. Според тоа, реално ќе бидат продолжени традиционалните заложби на Градежниот факултет како сериозна високообразовна институција да образува кадри од областа на геодезијата и геоинформатиката кои квалитетно ќе одговорат на предизвиците од стопанството, како и во исполнување на своите обврски во издигнување на квалитетите од различна природа на нашето општество.

Геотехничките инженери, секако дека би можеле да најдат свое место и во јавните претпријатија и државните служби, во комуналните претпријатија и фондови, рударскиот сектор, а особено во локалната самоуправа, поради нејзините зголемени ингеренции, бидејќи геотехничкото инженерство е многу блиско поврзано со проблематиката на заштитата на околината, која во развиениот свет така силно се нагласува, како еден од основните услови за приклучување кон тој свет. Во истиот контекст, геотехничкото инженерство е доста тесно поврзано и аспектите на давање придонес кон намалувањето на ефектите на климатските промени, што е современ светски тренд кој кај нашата геотехничка стручна фела се негува веќе подолг период.

Прилози
/

2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите.	Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми;

Студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот се изработуваат, ревидирираат и се подобруваат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (бизнис заедницата, државни органи и други организации, реномирани студиски програми на странски универзитети и сл.) со цел да се избегне нивно застарување и да се одговори на современите потреби на пазарот на труд за високо-образован кадар од областа на градежништвото, геодезијата и геотехничкото инженерство.
При подобрување на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот, како пример и најдобра практика за соработка со студентите може да се издвои практиката на спроведување анкети со алумните на факултетот.
Имено, учесниците во процесот на подготовка на елаборатите за акредитација/реакредитација на студиските програми комуницираат со активните студенти на втор циклус студии како и завршените студенти на прв циклус студии со цел да се добие фидбек од нив, за тоа дали и колку од нив се вработени, за квалитетот на студиската програма во однос на практичната примена на исходите, за тоа колку стекнатите знаења на студиската програма им помогнале при вработувањето и им помагаат во извршување на работата, колку стекнатите знаења и вештини го поддржуваат и овозможуваат нивниот личен и професионален развој, колку се задоволни од студиската програма, што сметаат дека би можело да се подобри во студиската програма, кои знаења и вештини сметаат дека подобро треба да бидат опфатени во студиската програма и сл. Податоците и информациите прибрани на овој начин се анализираат, а програмите соодветно се прилагодуваат на потребите на пазарот на труд, развојните потреби на градежништвото и бизнис секторот и светските трендови со цел да се избегне нивно застарување и на тој начин да се овозможи конкурентност на студентите во стекнатите знаења и вештини за профилот за кој стекнуваат високо-образовни квалификации преку соодветната студиска програма.

Прилози
/

2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства.	Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература); Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години. Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства.

При изработка на студиските програми континуирано се води сметка за нивно усогласување со најдобрите практики и светски искуства со цел да се задоволат потребите на пазарот и општествените потреби. Кај сите студиски

програми е присутен напор за постојано иновирање и користење на позитивните искуства од соодветните студиски програми присутни на реномираните странски универзитети.

При изработката на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии особено се водеше сметка да се постигне меѓународна препознатливост на програмите со примена на најдобрите светски искуства во структурирањето на поединечните студиски програми.

Кај студиските програми посебно е нагласена тенденцијата за нивно континуирано усовршување и реформирање со цел доведување во состојба на компатибилност со соодветните студиуми во светот. Препознаена е потребата од континуиран трансфер на знаења и користење на позитивните искуства од соодветните студиски програми на реномираните странски универзитети.

Сите студиски програми се во согласност со програмите на повеќе универзитети рангирани на Шангајската листа на универзитети.
Исто така, при подготовката на студиските програми се води сметка и за Европската димензија преку усогласување на програмите со повеќе универзитети во Европа.
Во последните 5 години во студиските програми како експерти и надворешни соработници, на покана предавања одржале повеќе гости предавачи од домашната бизнис заедница и претставници на релевантни меѓународни институции.

Студиската програма од прв циклус на студии Градежништво при Градежниот факултет Скопје е во согласност со програмите од следните високообразовни установи:

ETH Zurich, Department of Civil, Environmental and Geomatic Engineering
https://baug.ethz.ch/en/studies/civil-engineering/master.html

University of Ljubljana, Faculty of Civil and Geodetic Engineering
https://www.en.fgg.uni-lj.si/study/2nd-cycle-study-programmes/civil-engineering-ma/

Faculty of Civil Engineering of the University Of Belgrade
https://www.grf.bg.ac.rs/studije/mo?mid=30&sem=1

За студиска програма по геодезија се дадени извадоци од три студиски програми (список на предмети) на студиите од прв циклус по геодезија и геоинформатика. Станува збор за Факултетот за градеж-ништво и геодезија при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија (https://www.fgg.uni-lj.si/studijski-programi-1-stopnje/geodezija-in-geoinformatika-un/), потоа Геодетскиот факултет при Универзитетот во Загреб, Р. Хрватска (https://www.geof.unizg.hr/preddiplomski-sveucilisni-studij/) и Градежниот факултет при Универзитетот во Сараево, Р. Босна и Херцеговина (https://gf.unsa.ba/geodezija-i-geoinformatika/).

Студиската програма од прв циклус на студии Геотехничко инженерство е во согласност со програмите од следните високообразовни установи:
Imperial College London https://www.imperial.ac.uk/geotechnics/ ETH Zurich, Institute for Geotechnical Engineering https://igt.ethz.ch/ Swiss Federal Institute of Technology in Lausanne (EPFL) https://www.epfl.ch/labs/lms/

Прилози
/

2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето	Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми); Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми; Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да

овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи.	стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми.

Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани активности кои му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии.

Оптоварувањето му овозможува на студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите по сопствен избор. Практичната настава која се спроведува во установата во организирана форма соодветно е валоризирана во вкупното оптоварување на студентот и нејзината реализација редовно се следи.

Студентската пракса во траење од 60 работни часови се изведува во текот на VI. семестар преку организирани посети на однапред избрани објекти, како и посета на компании. Освен тоа, по поголемиот дел стручни предмети се организираат повеќе еднодневни посети на различни објекти, карактеристични за соодветната предметна програма. Во зависност од стручниот предмет и тематската единица, овој дел од наставата

Прв циклус студии - Студиска програма по градежништво, геодезија и геотехничко инженерство
Студиската програма по градежништво има најдолга традиција на факултетот. Од нејзиното оформување, до денес се спроведувала според различни модели, со насоки или со општ профил. Во извештајниот период, студиската програма е организирана преку следните параметри:

- Времетраење: три години
- ЕКТС кредити: 180, реализирани преку редовни студии,
- Семестри: 6, 30 ЕКТС по семестар,
- Реализација: еден семестар во 15 недели,
- 1 ЕКТС кредит = 30 часови вкупен работен ангажман.

Втор циклус студии - Студиска програма по градежништво – конструкции, транспортна инфраструктура, хидротехника, геодезија и геотехничко инженерство
Студиската програма е организирана преку следните параметри:

- Времетраење: две години
- ЕКТС кредити: 120, реализирани преку редовни студии,
- Семестри: 4, 30 ЕКТС по семестар,
- Реализација: еден семестар во 15 недели,
- 1 ЕКТС кредит = 30 часови вкупен работен ангажман.

Констатации и коментари за сите студиски програми на прв и втор циклус студии:

- Современи студиски програми за двата циклуса на образование.
- Профилирање инженери во различни области од: градежништво, хидротехника, транспортна инфраструктура, геодезија, геотехничко инженер-ство и менаџмент со недвижности.
- За сите предметни програми ангажиран е соодветен и квалитетен академски кадар со значајни резултати во наставната, научно-истражувачката дејност и добра соработка со странски универзитети.
- Сите студиски програми се успешно акредитирани во 2018 година и процесот се одвива почитувајќи ги одредбите од акредитираните програми.
- Големиот број понудени предмети овозможува општо знаење и стручно усовршување во градежното, геодетското и геотехничкото инженерство.
- Имплементација на систем за електронско учење е-Курсеви на ниво на факултетот (ограничено времетраење) и iLearn на ниво на универзитетот.
- Можности за спроведување на наставата и тестирањето преку далечински пристап (онлајн).
- Реализација на евиденција на наставата преку соодветни декларации.
- Постоење однапред дефиниран распоред на часови и распоред на испити.
- Овозможена стручна пракса и теренска работа за време на студирањето на двата циклуса.
- Постои можност за мобилност на наставниците, соработниците и студентите.
- Постои можност за гостување на наставен кадар од други факултети и институти од земјата и од странство.

Трет циклус студии
Студиската програма на третиот циклус по градежништво се состои од пет модули (потпрограми):

- Конструкции,
- Сообраќајно инженерство,
- Хидротехника
- Геотехника и
- Организација, технологија и менаџмент во градежништво.

- Студиската програма на третиот циклус по геодезија нема модули (потпрограми).
- Во извештајниот период, студиските програми се организирани преку следните параметри:
- Времетраење: три години
- ЕКТС кредити: 180, реализирани преку два дела: 1) обука за истражување и едукација (42 ЕКТС) и 2) докторска дисертација (138 ЕКТС)
- Семестри: 6, различна оптовареност по семестар,
- Реализација: еден семестар во 15 недели,
- 1 ЕКТС кредит = 30 часови вкупен работен ангажман.

Констатации и коментари за сите студиски програми на трет циклус студии:

- Современа студиска програма за третиот циклус на образование.
- За сите предметни програми ангажиран е соодветен и квалитетен академски кадар со значајни резултати во наставната, научно-истражувачката дејност и добра соработка со странски универзитети.
- Сите студиски програми се успешно акредитирани во 2020 година и процесот се одвива почитувајќи ги одредбите од акредитираните програми.
- Големиот број понудени предмети овозможува напредно знаење и истражување во понудените области со програмата.
- Можности за спроведување на наставата и тестирањето преку далечински пристап (онлајн).
- Флексибилна реализација на наставата, главно преку менторски систем, што овозможува посветеност кон студентите.
- Голем број странски студенти и реализација на наставата и активностите на англиски јазик.
- Специјализација во голем број потесни области го градежништвото преку голем број изборни предмети.

Прилози
/

2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата.	Линк до веб страна каде се објавени наведените информации. https://gf.ukim.edu.mk/додипломски-студии/ (прв циклус студии) https://gf.ukim.edu.mk/постдипломски-студии/ (втор циклус студии) https://gf.ukim.edu.mk/трет-циклус-на-студии/ (трет циклус студии)

Сите информации за студиските програми на сите три циклуси се објавени на сајтот на Факултетот и истите кореспондираат со официјалните записи.

Информациите се објавени на јазикот на кој се изведува програмата.

Прилози
/

2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници.	Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата; Индикатори и заклучоци; Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати.

Градежниот факултет – Скопје континуирано ги следи и периодично ги ревидира своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница во рамки на законски предвидените рокови за акредитација односно реакредитација на студиските програми. За сите промени, учесниците и засегнатите страни се навремено известени. Информациите за сите ревидирани студиски програми, како и за ново воведените студиски програми се навремено објавени на веб страната на Факултетот, и достапни за сите заинтересирани страни.

Постапката за акредитација-реакредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно упатствата започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма/и.

Изведувањето на наставата е предмет и на евалуација која се спроведува преку анкета со редовните студенти во секој семестар. Резултатите од анкетата редовно се комуницираат со секој професор поединечно со цел секој

да може да се унапреди. Резултатите од сите спроведени анкети на факултетот се дадени при крајот на овој

извештај.

Обемот и организирањето на наставно-образовната дејност се врши во согласност со член 112 од Законот за високото образование на РМ и член 23 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии на УКИМ, во согласност со ЕКТС методологијата. Вкупното оптоварување на студентите се изразува преку обемот од 60 кредити годишно, по 30 часа работен ангажман по кредит, односно 1800 часа годишно. Бројот на часовите годишно оптоварување распоредени на бројот на недели во двата семестри (вкупно 30 недели), го изразува вкупното неделно оптоварување на студентите (настава и посебни облици на други активности).

Прилози

/

2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат.	Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години.

Факултетот води евиденција за статистичките податоци во сопствен компјутерски програм, но поради не можност за негово ажурирање (и негова застареност), Студентската служба не може да ги извезе потребните податоци за овој индикатор во формата која што се бараат.

Во прилозите се дадени број на предмети и студенти за зимскиот и летниот семестар 2023/2024 година. Според приложеното, може да се констатираат следните податоци:

Година 2023/2024 Семестар	Циклус	Број на предмети	Просечно студенти по предмет	Најмалку студенти на предмет	Најмногу студенти на предмет	<= 5 студенти на предмет	6 - 15 студенти на предмет	> 15 студенти на предмет
ЗС	1.	56	29.5	1	136	20	26	10
ЗС	2.	89	7.0	1	34	48	10	31
ЛС	1.	69	22.5	1	137	23	28	18
ЛС	2.	50	7.4	1	51	30	5	15

Бројот на запишани студенти се следи и анализира на седниците на ННС и се преземаат различни мерки за подобрување на бројната состојба.

Прилози

Прилог 2.9. А. Статистика запишани предмети и студенти-Прв циклус ЗС 2023-2024
Прилог 2.9. Б. Статистика запишани предмети и студенти-Втор циклус ЗС 2023-2024
Прилог 2.9. В. Статистика запишани предмети и студенти-Прв циклус ЛС 2023-2024
Прилог 2.9. Г. Статистика запишани предмети и студенти-Втор циклус ЛС 2023-2024
Прилог 2.9. Д. Список на испишани студенти 2019-2023

СТАНДАРД 3

СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ	
Индикатор	**Документација**
3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.	Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. Статут на Градежен факултет Опис на студиски и предметни програми на прв, втор и трет циклус на студии (извадоци за предметни програми од елаборатите за акредитација на студиските програми) Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на УКиМ Правилник за запишување и студирање на трет циклус на студии на УКиМ Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус на студии на Градежен факултет
Актуелните предметни програми иницираат континуирана и разновидна партиципација на студентите во низа проблемски и истражувачки ситуации кои се во тесна корелација со содржините предвидени низ предметите во сите циклуси и години на студии. Во рамките на предметните програми тоа се сторено со задавање на повеќе категории, покрај полагање на писмен и/или устен испит, т.е. колоквиуми и тестови, како што се исполнување на обврски кон решавање на програмски и домашни работи, проектни задачи, семинарски работи, презентации, а кои соодветно, според индивидуалната тежина, се вреднувани во рамките на предметите и оценувани во текот и на крајот од семестарот. За видот и обемот на обврски, како и нивниот бодовен удел при формирањето на оценката, студентите се информирани на почетокот од следењето на наставата по предметите, потоа преку интернет-страната на факултетот и на предметот (на платформата iLearn), а истото е изнесено и во рамките на елаборатите од студиските програми. Овој вид на пристап и наставна стратегија директно влијае врз степенот на мотивираност на студентите и им дава директен увид и партиципација во реални ситуации од непосредната практика. Важен бенефит на горенаведената дидактичко-методска апаратура е долгорочно поттикнување на континуиран, плански и систематски процес на учење и стекнување на трајни знаења, надградени со релевантни вештини за струката. Вклучувањето на студентите во решавање на проблемски ситуации, програмски задачи, проекти и сл. со различно ниво на содржинска сложеност, резултира со изграден активен однос кон зададените исходи од учење. Научно-истражувачката работа на студентите се поддржува низ сите циклуси на студии, како важен модус за поддршка на активен однос на студентите кон содржинската структура на предметните програми. Оценувањето се одвива холистички, при што се запазуваат редовност на настава, активност на вежби, изработка на задачи, полагање на колоквиуми, практична работа, презентација, лабораториска и теренска настава, проектна работа, експерименти и многу други елементи и аспекти предвидени во секоја предметната програма.	
Прилози /	
3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи.	Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно; Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. Статут на Градежен факултет Опис на студиски и предметни програми на прв, втор и трет циклус на студии (извадоци за предметни програми од елаборатите за акредитација на студиските програми) Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на УКиМ Правилник за запишување и студирање на трет циклус на студии на УКиМ Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус на студии на Градежен факултет

	Најава на настани и предавања за студенти од гости-предавачи Повик за учество на курсеви

Три студиски програми на првиот циклус на студии, три (од 2023 год. – пет) на вториот циклус, односно две студиски програми на третиот циклус, недвосмислено ја нагласуваат разновидноста на приоди во наставата во насока на постигнување на очекувани програмски стандарди. Наставниот процес е сублимат на бројни педагошки приоди базирани на предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, лабораториска и теренска настава, курсеви, опити, презентации, симулации, тандемска и тимска работа и сл. Се остава флексибилност и за вклучување (лице-во-лице и преку далечинска врска) на предавачи и гости од други високообразовни институции во наставата на факултетот, партиципација на докажани практичари и истражувачи од релевантни области и повици за пријавување на курсеви со предавања поврзани со области што се изучуваат на студиските програми, кои информации за предавања, гостувања и повици навремено се најавуваат на интернет-страната на факултетот.

Изборот на педагошките методи е рефлексија на свесноста за диверзитетот на студентите од повеќе аспекти, односно хетерогена социјална, етничка, родова, јазична, културна структура и потеклото на студентската популација на факултетот, како и различности во нивни стилови на учење. Сето ова е подлога за мулти-модални наставни пристапи во секоја предметна програма, низ кои се комбинираат практични задачи, демонстрации, аудио-визуелни презентации, експерименти, набљудувања, теренски демонстрации и сл. Наставниот кадар е сензибилизиран и за стимулативните приоди на т.н. позитивна дискриминација во насока на недвосмислена поддршка на потенцијално маргинализирани и ранливи групи, суб-групи на студенти, што резултира со неколкугодишна практика на доделување на стипендии, од страна на матичниот факултет и припадни стручни здруженија, на одреден број на студенти.

Прилози

/

3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти.	Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.; Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. Опис на студиски и предметни програми на прв, втор и трет циклус на студии (извадоци за предметни програми од елаборатите за акредитација на студиските програми) Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на УКиМ Правилник за запишување и студирање на трет циклус на студии на УКиМ Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус на студии на Градежен факултет Анкета за оценување на квалитетот на наставата Извештаи за изведена самоевалуација

Наставниот процес е доминантно ориентиран кон проблемско учење, кое како повеќеслоен процес го обликуваат партнерски студентите и наставниот кадар. Спроведување на микро истражувања, организирање на теренска настава, организирање на различни обуки, курсеви, младински конференции, учество на домашни и меѓународни натпревари, симулации на одредени практични решенија и приоди, организирање на лабораториски опити, непосредно манипулирање со лабораториска и теренска опрема и апаратура, учество во национални истражувања и проекти и сл., се одраз на лепеза на практични наставни решенија ориентирани кон студентот и развојот на мулти-дисциплинарните вештини и компетенции. Така, кај дел од предметите, во рамките на наставата, се објаснуваат и изработуваат поголем број на различни задачи, со цел да се совладаат различни проблеми од таа област, а кај друг дел, пак, се реализира семестрална задача преку изработка на проект или негова фаза. Секако, сите тие се обединуваат при подготовка на дипломска работа, која може да претставува и алтернатива на постоен проект или, пак, студија на проблем/задача.

При обликување на наставниот процес, кадарот внимателно и систематски се води со корисните насоки на Блумовата таксономија, односно наставниот процес се стреми да ги отслика сите три хиерархиски изградени модели во рамките на три подрачја: спознајно, афективно и психомоторно.

Целите на предметните програми се одраз на сите нивоа на спознајно подрачје, односно: знаење, разбирање, примена, анализа, синтеза и евалуација од страна на студентите, во насока на поддршка на учењето ориентирано кон потребите на студентите, со цел понатамошен конкурентен настап на пазарот на трудот.

Значаен придонес во учењето и совладувањето на материјата даваат и непосредните консултации со студентите, кога наставниот кадар има дополнителна можност непосредно да ги увиди и осознае предностите и

недостатоците на наставната методологија и материја.

Самоевалуациите претставуваат релевантна платформа за надградување на квалитетот на планирањето и реализирањето на наставниот процес, како и при избор на инструменти за вреднување на стекнатите знаења и компетенции на студентите. Наставниот кадар се труди да го испочитува изнесеното во анкетните листови за секој од предметните програми каде се дава независно и слободно мислење на студентите за реализираната настава и критериумите. При подготовка на распоредот на настава по поединечна предметна програма за следна академска година, како и при реакредитациите на студиските програми, се прави увид и разумно се уважуваат коментарите, забелешките и предлозите содржани во анкетните листови за претходната/ите академска/и година/и.

Прилози
/

3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.	Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. Опис на студиски и предметни програми на прв, втор и трет циклус на студии (извадоци за предметни програми од елаборатите за акредитација на студиските програми) Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на УКиМ Правилник за запишување и студирање на трет циклус на студии на УКиМ Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус на студии на Градежен факултет

Секоја предметна програма на сите три студиски циклуси има јасно, прецизно и прегледно дефинирани регулативи и протоколи за оценување на постигнувањата на студентите. Оценувањето е транспарентен процес со лесен увид на сите субјекти во истиот, односно: начин на изведување, времетраење, критериумите, скалата на вреднувањето. Оценувањето е повеќеслојно, базирано на извори во педагошко портфолио на секој студент во секоја предметна програма, односно редовност на наставата, удел во лабораториски вежби, реализирани практични програмски, проектни и/или семинарски задачи, теренска настава, како и на стекнати академски знаења, применливи вештини, способности.

Критериумите и начините на оценување се сет на информации со кои детално и подеднакво се запознаени сите претставници на наставниот кадар и студентската заедница и се дадени во извадоците од елаборатите за акредитација на студиските програми.

Прилози
/

3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати.	Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. Статут на ГФ Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на УКиМ Правилник за запишување и студирање на трет циклус на студии на УКиМ Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус на студии на Градежен факултет Опис на студиски и предметни програми на прв, втор и трет циклус на студии (извадоци за предметни програми од елаборатите за акредитација на студиските програми)

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 40 - член 56), како и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (член 21 - член 29) јасно се наведени и детално се елаборирани кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача, семинарски трудови, теренска настава, проекти итн.), понатаму и детално се елаборирани и како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на испитите, поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, завршно оценување и се наведени кои се обврските на засегнатите страни/наставникот во целиот процес на оценување. Овој Правилник, како и соодветната Одлука, се јавни и лесно достапни на страната на Градежниот факултет - Скопје.

Исто така, во елаборатите за акредитација на студиските програми, за секоја предметна програма таксативно и концизно се наведени и објаснети начини на оценување на студентите. Воедно, истите се наведени и во информативните обрасци за поединечните предметни програми кои студентите ги добиваат на почетокот на

семестарот и се поставени на е-платформата iLearn.

Прилози
/

3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи.	Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо); Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето; Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето; Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. Статут на ГФ Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на УКиМ Правилник за запишување и студирање на трет циклус на студии на УКиМ Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус на студии на Градежен факултет Опис на студиски и предметни програми на прв, втор и трет циклус на студии (извадоци за предметни програми од елаборатите за акредитација на студиските програми) Извештај за самоевалуација 2016-2019 Извештај за самоевалуација 2019-2022 Етички кодекс

Регулативите за спроведување на оценувањето на стекнатите знаења и компетенции се транспарентни, доследни, правични за сите студенти, што се истакнува и во анкетните листови за оценување на квалитетот на наставата. Студентите имаат јасен и прегледен увид во елементите, чекорите во креирањето на збирно оценка. Збирното оценување е рефлексија по подолги наставни секвенци и често е базирано и на формативната контрола на учењето на студентите.

Во Правилникот за студирање и елаборатите на студиските програми е јасно посочено што сè е предмет и во фокус на оценување, односно: редовност на настава, изработка на програмски/проектни/семинарски задачи, колоквиуми, теренска и лабораториска настава, теоретски дел и сл., согласно целите на предметните програми и излезните стандарди и исходи кои студентите треба да ги постигнат. Оценувањето континуирано ја има и јавната компонента, оценките се лесно и транспарентно достапни во рок од неколку часа до неколку дена по реализирањето на писмениот дел од испитите, како и веднаш при устен дел од испитот, што се соопштува во присуство на други сведоци. Испитниот процес подразбира и благовремено споделување на повратна информација во однос на постигнувањата на студентите, како и лесно, ефикасно достапен увид во резултатите во утврден термин, како алатка за унапредување на процес на учење на одредени тематски содржини.

Онаму каде во покриеноста на наставата има декларирано повеќе наставници за организирање на предавања по еден предмет, постои можност за организирање на повеќе испитувачи во одредени дисциплини, што дополнително ја зајакнува објективноста и мулти перспективноста во процесот на вреднување.

Прилози
Прилог 3.6. Просечни оценки по предмети-1 и 2 циклус-2019-2023

3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен.	Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите; Акти за спречување на корупцијата на установата; Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби; Приказ на пријави на корупција во установата. Закон за заштита на укажувачите Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите Образец за пријавување Информации за овластено лице за прием на пријави од укажувачи Етички кодекс

Системот и процедурите за поднесување на жалби, пријави за корупција ги следи строго поставените процедури и постапки за жалби и пријавување корупција дефинирани во Закон за заштита на укажувачите, Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, а посебно во деталната Процедура за

прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите - сите транспарентно објавени на интернет-страната на Градежниот факултет.

Согласно оваа Процедура, по доставување на секоја пријава и по завршување на секоја постапка, овластеното лице составува извештај за исходот од постапката како и за преземените/предложените мерки за отстранување на против правните дејствија по пријавата и на штетните последици по укажувачот настанати во врска со внатрешното пријавување (член 11). Извештајот се заверува и архивира исто како и пријавата за постапката. Овластеното лице е задолжено да изготвува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи и истиот го доставува до Државната комисија за спречување на корупција (член 14).

Постои и отворена политика на Факултетот со која се зема предвид и секоја жалба, пријава која е доставена по електронски пат или лично пренесена до било кој член од управата на факултетот. При секој допрен глас, менаџментот на Факултетот го активира целиот законски поставен систем и сите процедури што стојат на располагање.

Прилози

/

СТАНДАРД 4

СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ	
Индикатор	**Документација**
4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.	Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата. Линк до веб страната на Градежен факултет со информации за уписи на прв циклус Линк до веб страната на Градежен факултет со информации за уписи на втор циклус Линк до веб страната на Градежен факултет со информации за уписи на трет циклус Линк до календар на активности за учебната година
Градежниот факултет во целост ги спроведува постапките за запишување на студентите согласно Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Имено, Градежниот факултет јавно објавува конкурси за запишување на студенти, како и конкурси за заверка и запишување на семестри на запишаните студенти, на својата веб страна во посебни јазичиња за секој циклус засебно. Информациите се објавуваат навремено, а податоците се ажурираат согласно последните измени во законските и подзаконските акти. За навремено следење на планот на активности во календарската година, факултетот објавува календар на активности на почетокот на секоја учебна година на својата веб страна.	
Прилози Прилог 4.1. А. Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) на УКИМ Прилог 4.1. Б. Правилник за студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ Прилог 4.1. В. Правилник за студирање на трет циклус студии (докторски студии) на УКИМ	
4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.	Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот; Доказ дека системот е функционален. Информација за постоење на алатки за следење на напредокот на студентот: 1. Досие на секој студент во електронска и хартиена форма, во студентска служба 2. Матична книга на запишани студенти , во студентска служба
Градежниот факултет го следи студентот и неговиот напредок во согласност со Законот за високо образование (Член 159) и Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии). Имено, согласно ЗВО, Градежниот факултет води (1) Матична книга на запишани студенти и (2) главна книга на дипломирани студенти со досие за секој студент. Формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) е пропишан во Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти. Студентската служба води досие за секој студент во електронска и хартиена форма. Службата навремено комуницира со студентите со цел исполнување на обврските кон факултетот и олеснување на административните процеси поврзани со студирањето. Покрај наведените документи, факултетот со студентската служба води евиденција за напредокот на студентите преку системот за студентски сервиси iKnow. Сервисот iKnow е отворен за пристап за секој студент, наставниот кадар и студентската служба. Податоците на iKnow навремено се ажурираат, а студентите во соработка со студентската служба навремено се известени за нивните права и обврски кон iKnow системот.	
Прилози Прилог 4.2. А. Закон за високо образование Прилог 4.2. Б. Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) Прилог 4.2. В. Упатство за користење на iKnow системот за корисници студенти Прилог 4.2. Г. Упатство за користење на iKnow системот за онлајн плаќања на УКИМ за финансиска служба	

Прилог 4.2. Д. Упатство за користење на iKnow системот за работата на студентската служба
Прилог 4.2. Ѓ. Упатство за користење на iKnow системот за корисници професори
Прилог 4.2. Е. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти

4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.	Акт во кој е регулирано прашањето; Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. Линк до ажурирани информации за меѓународна мобилност за студенти и наставен кадар Линк до студиска програма на втор циклус со вклучена задолжителна пракса Линк до структурата на студиите на трет циклус

Градежниот факултет во целост ги почитува одредбите за признавање на мобилноста на студентите и наставниот кадар согласно Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Градежниот факултет настојува, во рамки на своите можности, да реализира соработка со реномирани меѓународни институции. Факултетот соработува со голем број факултети и има потпишано голем број меморандуми за соработка. Најзначајна е соработката со следните Универзитети и факултети:

- Рурски Универзитет во Бохум, Р.Германија/Ruhr University, Bochum, Germany
- Технички факултет од Виена, Австрија/Technical University from Vienna, Austria
- Универзитет Сант Петерсбург, Русија/ University Ss.Petersburg, Russia
- Универзитет во Фиренца, Италија/ University of Florence, Italy
- Политехнички универзитет во Бари, Италија/Polytechnic University at Bari, Italy
- Кралски Институт за технологија, Шведска/Royal Institute for Technology, Stockholm, Sweden
- Универзитет во Ахен, Р. Германија/ RWTH Aachen, Germany
- Универзитет во Загреб, Хрватска, Градежен факултет/ University of Zagreb, Faculty of Civil Engineering, Croatia
- Универзитет во Белград, Србија, Градежен факултет/University of Belgrade, Faculty of Civil Engineering, Serbia
- Универзитет во Белград, Србија, Рударско-геолошки факултет/University of Belgrade, Faculty of Geology and mining, Serbia
- Универзитет во Кошице, Словачка /University of Koshice, Slovakia
- Универзитет за архитектура,градежништво и геодезија, Софија, Р.Бугарија / University of architecture, civil engineering and geodesy, Sofija, Bulgaria
- Факултетот за Градежништво при Техничкиот универзитет во Прага, Чешка/ Faculty of Civil Engineering, Czech technical university in Prague, Czech Republic
- Универзитетот во Пеш, Унгарија/University of Pecs, Hungary
- Универзитет во Гдањск, Полска/ University of Gdanjsk, Poland
- Универзитет во Братислава, Словачка/ University of Bratislava, Slovakia
- Универзитет во Црна Гора, Градежен факултет /University of Podgorica, Faculty of Civil Engineering, Montenegro
- Универзитет во Нови сад, Технички /University of Novi sad, Technical Faculty, Serbia
- Универзитет во Ниш, Градежно-архитектонски факултет/University of Nish, Faculty of Architecture and Civil Engineering, Serbia
- University of Technology Helsinki – Finland,
- University of Agriculture Krakow, Poland,
- Kyiv National University of Construction and Architecture, Ukraine,
- Kharkov National Agricultural University, Ukraine,
- Lvov National Agricultural University, Ukraine, Donetsk National Technical University, Ukraine

- Политехнички Универзитет, Геолошко-рударски факултет, Тирана, Албанија/Polytechnic University of Tirana, Albania, Geological and mining Faculty
- Техничкиот универзитет во Истанбул, Турција/Istanbul Technical University – ITU, Turkey
- Богазичи Универзитет во Истанбул, Турција/Boğaziçi University, Istanbul, Turkey
- Весекс Институтот за технологија од Велика Британија, Wessex Institute of technology, Great Britain
- UNESCO-IHE Institute for water education, Netherlands.

Во 2019 година, во рамките на Erasmus+ програмата за мобилност, еден студент од Градежниот факултет оствари студиски престој на Универзитетот во Брно, Чешка Република.

Во 2022 година, како резултат на соработката со Рурскиот Универзитет во Бохум, Р. Германија/Ruhr University, Bochum, Germany, еден асистент и еден соработник на Градежниот факултет во моментот работат на докторати, а во јуни, 2024 година, еден асистент од Катедрата за бетонски конструкции го одбрани својот докторат на именуваниот Универзитет со највисоки почести.

Во 2022 година, на Геодетскиот факултет при Универзитетот за архитектура, строителство и геодезија во Софија, Република Бугарија, асистент од катедрата за виша геодезија ја одбрани својата докторска дисертација.

Во тек е студиски престој на доцент од Градежниот факултет во ЕТХ Цирих, Швајцарија.

Запишаните студенти на Градежниот факултет, согласно акредитираните студентски програми за втор циклус, имаат можност, во соработка со наставниот кадар, да одат на пракса во градежни фирми кои работат во изведба или консултантство од областа на градежништвото. За проширување на соработката со стопанството, факултетот потпишува меморандуми за соработка со голем број фирми, каде студентите имаат можност да посетат пракса, а потоа и евентуално да се вработат. Праксата која е дел од студентската програма, соодветно е оценета со број на освоени кредити, по завршување на обврските кон предметот.

Студентите на трет циклус, согласно акредитираната програма, мора да поминат најмалку 7 дена во студиски престој на некој странски универзитет од блиската област на истражување.

Студентите кои одлучуваат да поминат одреден период од студирањето во некој странски универзитет преку некоја од активните мобилности, во соработка со Деканот за настава и меѓународна соработка соодветно добиваат еквиваленција на стекнатите вештини и освоените кредити.

Прилози

Прилог 4.3. А. Годишен извештај на Градежниот факултет за учебната 2019-2020 година
Прилог 4.3. Б. Годишен извештај на Градежниот факултет за учебната 2020-2021 година
Прилог 4.3. В. Годишен извештај на Градежниот факултет за учебната 2021-2022 година
Прилог 4.3. Г. Годишен извештај на Градежниот факултет за учебната 2022-2023 година

4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна.	Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот; Доказ дека системот е функционален.

По комплетирање на студиските програми, секој студент од прв, втор или трет циклус на студии добива документација која јасно ја објаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии.

Согласно Законот за високо образование, член 155, по исполнување на критериумите за освоени кредити преку наставата, студентите се стекнуваат со диплома. Понатаму, покрај дипломата, на студентот му се издаваат и уверение и додаток на диплома, чија содржина е дефинирана во Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, објавен во Службен весник бр.102/2018.

Прилози

Прилог 4.4. А. Диплома за завршен прв, втор или трет циклус студии
Прилог 4.4. Б. Уверение за положение испити
Прилог 4.4. В. Додаток на диплома
Прилог 4.3. Г. Годишен извештај на Градежниот факултет за учебната 2022-2023 година

СТАНДАРД 5

СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[2]	
Индикатор	**Документација**
5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети.	Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати); Одлуки за избор во звање; Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице).

Наставата на Градежниот факултет во изминативе пет години ја извршуваат наставен кадар кој е со редовно вработување на Градежниот факултет, но и наставен кадар од други единици на Универзитетот.

Наставата по предметните програми на студии од 1 циклус по сите студиски програми се покриени со наставен кадар од факултетот (редовно вработени), исклучок е само наставата на некои од изборните предмети како и дел од задолжителните општи предмети (физика, нацртна геометрија и странски јазици) која се покрива со наставници и соработници од други факултети на Универзитетот, каде наведените предметни програми се матични.

Предметните програми на студиите од 2 циклус по сите студиски програми се речиси во целост покриени од страна на наставниот кадар од Факултетот. Исклучок претставуваат само студиите од студиската програма Менаџмент со недвижности, на кои гостуваат неколку наставници од други единици на Универзитетот.

Предметните програми на студиите од 3 циклус по сите студиски програми се покриваат со наставен кадар од Факултетот (редовно вработени и пензионирани), но и наставен кадар од другите единици на Универзитетот согласно понудените наставни програми.

Вкупен број на наставниот кадар кој е редовно вработен на Градежниот факултет во последните пет години се менувал во границите од 51 (во јуни 2019) до 58 (јуни 2024).

Наставниот кадар се состои од вкупно 47 доктори на наука (30 редовни професори, 9 вонредни професори, 8 доценти) и 11 магистри на наука (соработници/асистенти).

Наставниот кадар кој е вклучен во наставата на Градежниот факултет има соодветни квалификации (согласно областите на докторирање) за предвидените наставни предмети од студиски програми.

Прилози

Прилог 5.1. А. Биографии на наставен кадар
Прилог 5.1. Б. Одлуки за избор во звање на наставен кадар
Прилог 5.1. В. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата

5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област.	Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа; Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

Во изминативе 5 година наставниот кадар од Градежниот факултет објавил 337 Научни трудови во зборници од меѓународни и домашни научни собири и 119 Научни трудови во зборници од меѓународни и домашни научни и стручни списанија со кои придонесуваат за развојот на квалитетни студии односно научната област.

Од вкупниот број на објавени трудови 32 се со импакт фактор (фактор на влијание).

2 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

Прилози
Прилог 5.2. А. Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации
Прилог 5.2. Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации

5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.	Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[3]; Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години; Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо); Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.

Во 1. циклус на студии за период 2019-2022 година, просечната оптовареност на наставниот кадар по број на предмети е урамнотежена и се движи од 3.6-3.8, а на соработничкиот кадар од 3.0-3.5, Во 2. циклус на студии за извештајниот период, просечната оптовареност на наставниот кадар по број на предмети е урамнотежена и се движи од 3.3-3.4, а на соработничкиот кадар од 2.4-2.8

Просечната оптовареност на наставниците во двата циклуса студии изнесува 14.4 часа предавања, што е поголем број од нормираниот обем кој што изнесува 8 часа неделно. Просечната оптовареност на асистентите изнесува 19 часа вежби, што поголем број од нормираниот обем кој што изнесува 14 часа неделно. Просечната оптовареност на демонстраторите изнесува 13.6 часа вежби.

Покрај редовната настава на Факултетот, мал дел од наставниците и соработниците одржуваат настава и на други факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Прилози
Прилог 5.3. А. Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на прв циклуси на студии_2023_2024
Прилог 5.3. Б. Систематизација на ГФ 2017
Прилог 5.3. В. Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години
Прилог 5.3. Г. Договори за вработување на 10 лица избрани во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време

5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми.	Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања); Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години). Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.

При избори, реизбор и унапредувања на наставниците и соработниците, Факултетот во целост ги почитува критериумите, стандардите и обврските што произлегуваат од Законот за високото образование (2018) и неговите измени (2021, 2024), недвосмислено ги спроведува Правилникот за избор во наставно-научни звања на Универзитетот, како и Правилникот за внатрешни односи и работењето на Факултетот и Статутот на ГФ.

Во последните пет години се избрани 11 редовни професори, 5 вонредни професори, 7 доценти како дел од редовниот процес на напредување на наставниот процес и потврден е изборот на вкупно 9 нововработени лица во асистенти, Прилог 5.4. Ѓ.

Прилози
Прилог 5.4. А. Законот за високото образование (2018)
Прилог 5.4. Б. Измени на законот за високото образование (2021, 2024)

3 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Прилог 5.4. В. Правилник за избор во звања (со измени и Анекс 1)-УКИМ
Прилог 5.4. Г. Правилник за внатрешната организација на Градежниот факултет во Скопје
Прилог 5.4. Д. Статут на Градежен факултет-Скопје
Прилог 5.4. Ѓ. Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања
Прилог 5.4. Е. Листа на наставен кадар со линк до билтен во кој се објавени рецензии за зибор на наставниот кадар со број на страна

5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар; Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата; Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата; Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.

Целокупната дејност на Факултетот, освен теренската и практичната работа со студентите се одвива во објектот изграден за таа намена во 1953 година, лоциран на бул. „Партизански одреди“ бр.24 во Скопје.

Факултетот располага со доволен простор за обавување на дејноста, со просечни услови за спроведување на сите планирани активности за наставата и солиден кабинетски простор на наставниот и соработничкиот кадар.

Вкупната површина на просторот за изведување на дејноста изнесува 12,854 m^2, додека вкупната површина на просториите (амфитеатар, училници и предавални) со кои располага Факултетот изнесува 1,561 m^2, додека површината на лабораториите е 855 m^2.

Во делот на процесите кои се одвиваат редовно на Градежниот факултет-Скопје наставно-образовните кадри имаат на располагање 1 амфитеатри (205 седишта), 10 предавални (421 седишта), 4 компјутерски лаборатории (98 седишта), 6 лаборатории, 61 кабинет за наставници и соработници, 19 канцеларии за административни и стручни кадри, библиотека, читална и сала за конференции.

Факултетот располага со акредитирана лабораторија за тестирање градежни производи, материјали и конструкции според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018, за што е издаден сертификат за акредитација бр. ЛТ-062. Работата на лабораторијата се контролира со редовни годишни проверки на акредитираните методи и постапки и редовно се обновува сертификатот за нејзина акредитација.

Лабораториите се организирани во корелација со наставниот процес и планираните активности за изведување на наставата. Нивната локација во рамките на факултетот е определена во зависност од просторните можности. Генерално, може да се констатира дека во нив постои застарена опрема и опрема која не е во функција за примена во наставниот и научно-истражувачкиот процес. Дел од мобилната опрема што се наоѓа во лабораториите е од понов датум, обновена преку различни начини на финансирање. Освен во лабораторијата за конструкции и асфалт и асфалтни конструкции, останатите лаборатории имаат ограничен пристап за возила и пренос на лабораториски материјали и опрема. Опремата во лабораторијата за хидраулика е речиси во неупотреблива состојба.

Дел од предавалните се обновени во последните 3 години, дел се во процес на реновирање, а останатите се реновирани парцијално пред повеќе од 10тина години. Во амфитеатарот последен пат посериозно е интервенирано во 2014 година. Останатите простории како: библиотека, сала за состаноци, канцеларии за административниот и стручниот кадар, тоалети, ходници и слично се со постар датум на обновување. Во процес на реновирање се дел од санитарните јазли и дел од ходниците.

Амфитеатарот поседува просечни технички услови за користење дигитална технологија во процесот на наставата и обуките, со несоодветен видео проектор за големината на просторијата, платно за презентации и мал систем за озвучување. Не постои компјутерски систем во просторијата, ниту пак мрежна поврзаност со останатите компјутерски капацитети на факултетот.

Во најголем дел од предавалните постојат фиксно поставени видео проектори и платна за презентации, но нема компјутерски системи во просториите, ниту пак мрежна поврзаност со останатите компјутерски капацитети на факултетот.

Библиотеката е со скромна површина и капацитет на библиотечна граѓа, без соодветен простор за нејзино користење од страна на студентите, како читална и работен простор. Во функција на читална се користи една предавална (77), која по опожарувањето во 2021 година е целосно обновена и поседува современи услови за нејзино користење.

Во сите простории каде што се одвива наставата (освен во лабораториите), не постојат нагледни средства, ниту пак простор за изложување на различни помошни средства во функција на наставниот процес.

Факултетот располага со разновидна информатичка, лабораториска и друг вид на опрема наменета за студентите, наставниот и ненаставниот кадар, а листа од пописот на опремата е даден во прилог.

Прилози

Прилог 5.5. А. Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата
Прилог 5.5. Б. Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема ~едните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање)
Прилог 5.5. В. Преглед на релевантни електронски бази од областа-студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата
Прилог 5.5. Г. Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми

5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар.	Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма; Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма . Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години; Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо).

Градежниот факултет-Скопје, согласно Законот за високото образование, континуирано се залага за унапредување на сите процеси, како и можност за професионален развој на наставниот кадар вклучен во наставниот процес. Учеството на соодветни обуки, тренинзи, симпозиуми и научни собири во насока на стекнување на нови иновативни методи кои може да се применат во наставниот процес се редовни активности кои во целост се подржани од страна на факултетот и се дел од редовната активност на сите вработени на Градежниот факултет, Закон за научноистражувачка работа. Сите овие активности се документирани во Годишните извештаи кои ги изработува Деканот за секоја учебна година.

Во изминатиот период дел од наставниот кадар учествуваа во изработка на два образовни проекти насочени кон подобрување и примена на иновативни методи во наставата:

1. Knowledge for Resilient Society, 573942-EPP-1-2016-1-RS-EPPKA2-CBHE-JP, Erasmus+, KA: Cooperation for innovation and the exchange of good practices, AT: Capacity Building in higher education, 10.2016-4.2022, http://kforce.gradjevinans.net
2. Promoting industry-academia alliances for R&D through collaborative and open innovation platformAll4R&D, 598719-EPP-1-2018-1-MK-EPPKA2-CBHE-JP, Erasmus+, KA: Cooperation for innovation and the exchange of good practices, AT: Capacity Building in higher education, 11.2018-11.2022, https://all4rd.net

Финансиски подржано е учеството на членови од Градежниот факултет на обуки кои се во функција на наставниот процес и работата на лабораторијата за звучна изолација во рамки на Лабораторијата на ГФ: (Обука за мерење на звучна изолација согласно на стандардот ISO 16283-2-Изолација од ударен звук на меѓукатни конструкции).

Во континуитет во соработка на Комората за овластени архитекти и овластени инжинери се организираат обуки за стакнување и проширување на своите компетенции и знаења, а наставниот кадар од Градежниот факултет активно учествува на истите (дел како предавачи, но дел и како активни слушатели).

Наставниот кадар од Градежниот факултет земаат учество на работилници и настани организирани од УКИМ, како дел од професионалниот развој за стекнување на нови педагошки и технички вештини:

1. УКИМ настан на тема: Вештачката интелигенција во образованието и науката, 26.02.2024
2. УКИМ работилница: Отворена наука: придобивки и предизвици, 18.3.2023
3. УКИМ работилница со наслов: Науката на УКИМ во функција на подобро општество, 10.11.2023

Прилози

Прилог 5.6. А. Законот за високото образование
Прилог 5.6. Б Закон за научно-истражувачка дејност

Прилог 5.6. В. Годишен извештај за работата на ГФ за 2019-2020
Прилог 5.6. Г. Годишен извештај за работата на ГФ за 2020-2021
Прилог 5.6. Д. Годишен извештај за работата на ГФ за 2021-2022
Прилог 5.6. Ѓ. Годишен извештај за работата на ГФ за 2022-2023

5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.	Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат).

Факултетот покажува заложба за интеракциите со странски професори, афирмирани стручњаци и експерти со покана за визитинг наставници од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиските програми. Во изминатиов период остварени се 13 гостувања и предавања на реномирани професори и научни работници.

Прилози
Прилог 5.7. А. Листа на визитинг наставници
Прилог 5.7. Б. Биографии на ангажираните визитинг наставници

5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

Според својата организираност, дејноста на факултетот се базира на активности, кои недвосмислено условуваат поврзаност наставните и научните институции во земјата и во странство. Факултетот остварил значајна соработка со реномирани меѓународни институции и истакнати професори од странство, за што сведочат бројните активности на академскиот кадар на факултетот на меѓународен план. Во текот на извештајниот период остварени се 18 студиски посети, а наставниот кадар учествувал во организирање на: 18 конференции и 12 работилници.

Факултетот имаа соработки со 65 универзитети, факултети и институции од странство, кои се одразиле и на 20 соработки со странски институции на странски проекти.

Согласно законските норми, формиран е Одбор за доверба и соработка со јавноста со чија работа би требало да придонесе во подобрување на квалитетот на реализација на наставно-образовниот, научно-истражувачкиот процес и апликативните дејности на факултетот.

Со цел да се поттикне научната работа и да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката донесена е Одлука за финансиска поддршка за на објавување на научноистражувачки и стручни трудови во списанија со фактор на влијание.

Во рамки на ГФ е донесена одлука за финансиска поддршка на научноистражувачки проекти.

Во последните пет години се реализирани или се во тек на изработка повеќе научноистражувачки проекти (вкупно 81) финансирани од различни извори.

За сите учесници во научноистражувачки проекти финансирани од Horizon Europe, Horizon 2020, Euratom, Marie Skłodowska-Curie Actions и COST Actions Open Research Europe (ORE), новата платформа на Европската Комисија, им обезбедува лесно објавување на нивните резултати (Scopus indexed).

Прилози
Прилог 5.8. А. Листа на студиски престој на наставниот кадар
Прилог 5.8. Б. Листа на конференции-симпозиуми на кои ГФ е организатор-коорганизатор
Прилог 5.8. В. Листа на работилници
Прилог 5.8. Г. Листа на универзитети со кои соработува ГФ
Прилог 5.8. Д. Листа на стручна соработка (проектирање, надзор, консултантска услуга) со странски и домашни институции
Прилог 5.8. Ѓ. Одлука за формирање одбор за соработка и доверба со јавноста
Прилог 5.8. Е. Одлука за финансиска подршка на објавување на научноистражувачки и стручни трудови во

списанија со фактор на влијание
Прилог 5.8. Ж. Одлука за финансиска поддршка на научноистражувачки проекти
Прилог 5.8. З. Листа на научно истражувачки проекти во последните пет години

5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.	Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.

Градежниот факултет-Скопје како високообразовна институција ја поттикнува можноста за унапредување на постојните и воведување на нови иновативни методи во наставата. Иновативните техники кај студентите, Покрај традиционалниот начин на совладување на предвидениот наставен програм (класични предавања и аудиториски вежби),во наставниот процес се воведуваат нови техники за интерактивно учење и совладување на наставниот материјал. Овие наставни техники се спроведуваат со воведување на тимска работа на проекти (семинарски, програми), истражување од зададена област и презентирање на истражуваната тема со јавна презентација, пред колегите за прв циклус и втор циклус, и пред комисија за докторските студии за студентите од трет циклус. Овој начин на спроведување на наставниот процес кај студентите поттикнува развој на: комуникациски и меѓучовечки и лични вештини кои директно влијаат на професионалноста, аналитички вештини кои влијаат на донесување одлуки при професионалниот развој на студентите и деловни вештини кои директно пак влијаат врз креативноста на студентите.

Во совладување на наставните програми и изработка на програмски задачи и семинарски (посебно на стручните предмети на Градежниот факултет) се стимулира примена на современи софтверски алатки (MS-office, Matlab, AUTOCAD, Land Development, Civil 3D, Plateia, Water gems, Epanet, DTREG, GIS, Arc Map, HEC-Ras, Hec-HMS, HEC-SSP, HEC Ressim, Sofistik, Geoslope, Autodesk Robot Structural Analysis, Radimpex Tower, Python, SAP2000, Arhi CAD, Corel Draw, Geotec office (Bohr,ELPLA,Tief,), SPW, PLAXIS, PLAXIS3D, Rocscience, SLIDE, GEO5, LimitState, Sofistik, Tower, COMSOL Multiphysics, SAP2000, Radimpex Tower, ArmCAD, Idea Statica, Insul).

Факултетот има лиценца за ЗУМ (ZOOM) платформата за далечинско учење, организирање на видео конференции, видео работилници, онлајн семинари, онлајн предавања од далечина на повикани професори од странство и сл.

Во рамките на наставниот процес во тек на пандемијата со цел да се унапреди наставниот процес, како и комуникацијата со студентите почна да се користи платформата *Moodle*, *Canvas, Piazza* и специјализирана платформа за изведување на испити Exam. После пандемијата комуникација со студентите продолжи преку дигиталната платформа *llearn.ukim.edu.mk*. Истовремено платформата се користи за споделување на презентации, материјали и видеа.

Како дополнителни наставни методи се редовните посети на градилишта, погони за развој на материјали за градежништвото, институции кои имаат поврзаност со Градежништвото и сл. каде студентите од лице место можат да се запознаат со условите за работа и процесот на реализација на проектите.

Наставниот кадар со учество во образовни проекти имаат можност за развивање на новитети и иновации во наставните методи кои потоа се применуваат во наставата:

1. Knowledge for Resilient Society, 573942-EPP-1-2016-1-RS-EPPKA2-CBHE-JP, Erasmus+, KA: Cooperation for innovation and the exchange of good practices, AT: Capacity Building in higher education, 10.2016-4.2022, http://kforce.gradjevinans.net/
2. Promoting industry-academia alliances for R&D through collaborative and open innovation platformAll4R&D, 598719-EPP-1-2018-1-MK-EPPKA2-CBHE-JP, Erasmus+, KA: Cooperation for innovation and the exchange of good practices, AT: Capacity Building in higher education, 11.2018-11.2022, https://all4rd.net

Наставниот кадар од Градежниот факултет земаат учество на работилници и настани организирани од УКИМ, а кои се насока на воведување нои наставни техники и подигање на квалитетот на наставниот процес (УКИМ настан на тема: Вештачката интелигенција во образованието и науката, 26.02.2024).

Прилози
Прилог 5.9. А. Листа на работилници и семинари
Прилог 5.9. Б. Листа на студиски престој на наставниот кадар

5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години).

Согласно член 19 и 20 од етичкиот кодекс, Градежниот факултет не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијат за што се грижат сите инволвирани во наставниот процес. Соодветно поднесувањето на трудови во рамките на наставно образовниот процес посебно во делот на магистерски и докторски трудови се бара од кандидатот да поднесе соодветна изјава за оригиналност, во спротивно кандидатите може да бидат изложени на дисциплинска постапка од страна на Дисциплинската комисија. Од страна на менторите на магистерските и докторските трудови, истите се проверуваат во системот за плагијат.

Во рамките на редовниот наставно образовен процес дисциплинската комисија на Градежниот факултет-Скопје спроведува постапки за санкционирање на сите активности кои се во спротивност со етичките норми и стандарди на институцијата.

Прилози

Прилог 5.10. А. Одлука за формирање на Дисциплинска комисија за одговорност на студентите

Прилог 5.10. Б. Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати-учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата

5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа. Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо).

Градежниот факултет согласно Законот за научно-истражувачката работа, работи континуирано на стимулирање и подобрување на условите за научно-истражувачката работа на наставниот кадар. Во тој поглед се донесени одлуки за финансиска поддршка на објавување на научноистражувачки и стручни трудови во списанија со фактор на влијание и Одлука за финансиска поддршка на научноистражувачки проекти.

Наставниот кадар има обврска да ги евидентираа соодветно сите активности во делот на научно истражувачката работа во текот на годината. Согласно член 5 од Правилникот за видливост на УКИМ, наставниот кадар задолжително треба да отворат кориснички профили на соодветните мрежи и пребарувачи на научно-истражувања и публикации *(Google Scholar, Research Gate, ORCHID* и сл.).. Во таа насока сите информации се поставени директно на веб страницата поединечно како информација вклучена на профилите на веб страницата. Сите активности во овој дел се видливи онлајн.

Во рамките на извештајот за работата на Деканот на Градежниот факултет – Скопје еднаш годишно се сумираат сите активности за наставниот кадар во областа на наставно-истражувачката работа за претходната година.

Прилози

Прилог 5.11. А. Закон за научно-истражувачка дејност

Прилог 5.11. Б. Одлука за финансиска поддршка на објавување на научноистражувачки и стручни трудови во списанија со фактор на влијание

Прилог 5.11. В. Одлука за финансиска поддршка на научноистражувачки проекти

Прилог 5.11. Г. Правила за видливост на УКИМ

Прилог 5.11. Д. Годишен извештај за работата на ГФ за 2019-2020

Прилог 5.11. Ѓ. Годишен извештај за работата на ГФ за 2020-2021

Прилог 5.11. Е. Годишен извештај за работата на ГФ за 2022-2023

Прилог 5.11. Ж. Годишен извештај за работата на ГФ за 2021-2022

Прилог 5.11. З. Листа на научно истражувачки проекти во последните пет години

Прилог 5.11. S. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации

5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки

Научноистражувачката работа на наставниот кадар на Градежниот факултет е во рамки на можностите (економски, просторни, кадровски и сл.). Истите се во насока на продлабочување на научните истражувања во областа на Градежништвото, но се и тесно поврзани со можноста истите да бидат применливи во насока на локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Научноистражувачката работа на наставниот кадар од Градежниот факултет се состои од учествувал во научноистражувачки проекти кои директно се подржани од стопански субјекти кои резултатите од истражувањата ги користат во своите развојни програми и компании. Во изминатите пет години се одобрени и/или изработени неколку научноистражувачки проекти во соработка со стопанството:

1. Одржливи партнерства за иновации базирани на примена на циркуларните и нано материјали во преработувачката индустрија, проект финансиран од Министерството за економија на Република Северна Македонија, 2023, членови од ГФ во соработка со партнери од стопанството: Деловен систем „АДИНГ“ АД за производство и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг работи Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија Скопје, Градежен Институт „МАКЕДОНИЈА“ АД Скопје, Друштвото на градежните конструктори на Македонија Скопје, Приватна научна установа Институт за истражување во животна средина, градежништво и енергетика Скопје, Друштво за производство, трговија и услуги „АКРОН“ ДОО увоз-извоз Скопје, Гипс и гипсени префабрикати КНАУФ -РАДИКА АД Дебар)
2. "Истражување на интеракцијата помеѓу тлото и конструкцијата со примена на иновативни системи за испитување на колови конструкции како дел од инженерските објекти, 2021, финансиран од МОН, изработен од членови на ГФ во соработка со партнери од стопанството: Гранит, Штрабаг АГ и ГХК
3. Еколошки малтери за зелени фасади“ 2023, Инструмент на поддршка: Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, подржано од Фонд за иновации и технолошки развој, со Интербилд Дизајн ДООЕЛ Скопје.
4. Изработка на изолациони материјали од текстилен отпад, 2021, Инструмент за поддршка на кофинансирани грантови за подобрување на иновативност од Фондот за иновации и технолошки развој, со “НЕТАМ и др. ДОО“
5. Развој на гумено-челични производи од рециклирана полиуретанска пена за заштита од бучава и вибрации, 2022, Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва “start-up” and “spin-off” ФИТР и М-Акустик ДООЕЛ Скопје

Подобрување на можностите и професионалните вештини за соработка на наставниот кадар од ГФ и стопанството во континуитет се подобруваат преку учество на работилници на таа тема (пр. УКИМ работилница со наслов: Науката на УКИМ во функција на подобро општество, 10.11.2023)

Како препознаена вредност на соработката на стопанството и ГФ е континуираната валидација на изработените научни трудови од страна на наставниот кадар како ментори на дипломирани, магистрирани и докторирани студенти со континуирано наградување на најдобро изработените трудови на годишно ниво („АДИНГ“ АД, Комора за овластени архитекти и инженери на РС Македонија, Чакар Партнерс, ГИМ, Прима и др.)

Соработката на ГФ и стопанството се надградува и дополнува со соодветни предавања посветени на студентите од страна на компаниите со кои имаме склучено меморандуми за соработка (предавање на тема: „Проектен менаџмент: динамика и предизвици“, 16.05.2024, г-дин Both Josh Baker, проект менаџер и г-дин Canberk Atilla, заменик проект менаџер и менаџер за изведба во конзорциумот Бехтел & Енка).

Соработката со странските компании преку учество на странски проекти (проектирање, надзор, консултантска улога и сл.) е исто така на завидно ниво и доказ дека кадарот кој учествува во изведба на наставната програма на ГФ е конкурентен и на странскиот пазар, а искуствата од овие соработки несебично се споделуваат со студентите.

Прилози

Прилог 5.12. Соработка (проектирање, надзор, консултантска улога и сл.) со странски институции на странски проекти

СТАНДАРД 6

СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ	
Индикатор	**Документација**
6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен.	Финансиски план од претходните пет години Финансиски извештаи од претходните пет години Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа)

Финансиските средства неопходни за реализација на високообразовната, научноистражувачката, применувачката и останатите активности, факултетот ги обезбедува преку различни извори на финансирање:

- Буџет на Република Северна Македонија, преку Министерството за образование и наука: плати и придонеси, научни проекти, режиски трошоци, отпремнини
- Самофинансирање: партиципација од студенти, применувачка дејност, услуги кон трети лица, договори за консултантски услуги, донации и други извори во согласност со позитивната законска регулатива.

Факултетот управува и располага со приходите согласно намената во финансиските планови, во склад со законските прописи, Статутот на Факултетот и Статутот на универзитетот. Финансиските средства за остварување на својата основна дејност се планираат и остварува согласно годишната програма за работа на Факултетот која што на предлог на деканот ја усвојува Наставно-научниот совет на Факултетот.

Буџетските средства се обезбедуваат и користат за покривање на плати и придонеси на вработените, трошоци за комунални услуги и парно греење, научни проекти и отпремнини за пензионирани лица. Средствата што ги остварува Факултетот од самофинансирање се користат за реализација на високообразовната, научноистражувачката, применувачката и сите останатите активности во полето на образование и наука, но и за тековно одржување на недвижниот и движниот имот со кој располага Факултетот, канцелариски материјали, обновување и реконструкција на училниците и просториите, опремување на лабораториите, усовршување на кадарот преку котизации за учества на конференции и семинари, патни трошоци и трошоци за сместување, информатичка опрема и услуги и слично.

Во продолжение претставена е графичка илустрација на движењето на остварените приходи од буџетски средства и приходи од самофинансирање, финансирање на Факултетот, приходи од апликативни проекти и партиципации со кои располага факултетот и приходи од партиципации на студенти по циклуси во периодот од 2019 до 2023 година.











Во 2023 година факултетот остварил вкупни приходи од 185,694,877.00 денари (сопствени: 116,130,506.00 ден.), што претставува зголемување за 50% во однос на 2022 година и најголемо зголемување во последните 5 години. Вкупните расходи за 2023 година изнесуваат 139,048,184.00 денари (сопствени: 69,483,813.00 ден.) и се за 13% поголеми во однос на 2022 година, но се во просек на расходите за последните 5 години.

За финансирање на научноистражувачката дејност во 2023 година, факултетот издвоил 1.4% од вкупните приходи и 2.3% од сопствените приходи. Во последните 5 години овие проценти се променливи и се движат помеѓу 1.4% и 3.3% (просек=2.1%) од вкупните приходи и 2.3% и 5.2% (просек=3.5%) од сопствените приходи.

Во однос на расходите, издвојувањата за научноистражувачката дејност на факултетот во 2023 година изнесуваат 1.9% од вкупните расходи, односно 3.8% од расходите од сопствени извори на финансирање. Во последните 5 години, просечните издвојувања за научноистражувачката дејност на факултетот изнесуваат 2.4% од вкупните расходи, односно 4.3% од расходите од сопствени средства.

Прилози Прилог 6.1. А. Завршна сметка за 2023 Прилог 6.1. Б. Завршна сметка за 2022 Прилог 6.1. В. Завршна сметка за 2021 Прилог 6.1. Г. Завршна сметка за 2020 Прилог 6.1. Д. Завршна сметка за 2019	Прилог 6.1. Ѓ. Годишна програма и финансиски план за 2024 Прилог 6.1. Е. Годишна програма и финансиски план за 2023 Прилог 6.1. Ж. Годишна програма и финансиски план за 2022 Прилог 6.1. З. Годишна програма и финансиски план за 2021 Прилог 6.1. S. Годишна програма и финансиски план за 2020
6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата.	Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби); Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите; Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма); Попис на информатички ресурси за учење на далечина; Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби; Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата.

Вкупната бруто површина на објектот и дворната површина во кој што покрај Градежниот факултет делува и Архитектонскиот факултет изнесува 13,780 m². Вкупната катна површина на просторот за изведување на дејноста изнесува 12,854 m², додека вкупната површина на просториите (амфитеатар, училници и предавални) со кои располага Факултетот изнесува 1,561 m², додека површината на лабораториите е 855 m². Дејноста се изведува во еден амфитеатар со 205 седишта, 12 предавални со вкупно 521 седиште, компјутерски центар со 4 училници и 98 седишта и 7 лаборатории. Покрај просториите за одвивање на наставната и лабораториската дејност, Факултетот располага и со:

- 61 кабинет за наставен и соработнички кадар со вкупна површина од 1,624 m²
- 19 канцеларии за административниот и стручниот кадар
- Библиотеката со површина 86 m²
- Салата за конференции, санитарни јазли, подрумски дел, ходниците и слично, со вкупна површина од 4,541 m².
- Неупотребливи и руинирани простории од еднокатен објект во дворот на факултетот (поранешна печатница) со вкупна површина 895 m² (по 447.5 m² за Градежен и Архитектонски факултет)

Факултетот располага со разновидна информатичка опрема наменета за студентите, а детален опис на опремата е даден во прилог. Во одделението за информатичка и компјутерска технологија (Компјутерски центар-4 училници, 98 седишта) нема вработено лице, а за потребите на наставата во компјутерските училници и тековно одржување

на компјутерските уреди и мрежната поврзаност на факултетот, ангажиран е надворешен соработник кој се исплаќа од сопствените средства. Во однос на планираните наставни активности се забележува недоволен број на компјутери, а особено се забележува нивната старост и скромни можности за компјутерско процесирање. Низ просториите на факултетот достапна е wi-fi врска со пристап кон интернет за сите студенти и вработени.

Факултетот има функционална библиотека со скромна површина и капацитет на библиотечна граѓа (околу 16,000 книги и друг формат на библиотечна граѓа), а во неа е вработен еден советник за библиотечно работење. Институцијата не располага со соодветен простор за користење на библиотеката од страна на студентите, како читална и работен простор, па за таа намена се користи една од предавалните. Администрирање на функциите на библиотеката е подржано со софтверски пакет изработен од факултетот, а постои онлајн програм за читање електронски книги со скромна понуда на наслови. Насловите во библиотеката одговараат за студиските програми на факултетот, но се забележува недостаток на странска литература соодветна за програмите. Пописот на библиотечниот фонд е даден во прилог.

За учење од далечина, факултетот применува алатки за комуникација и соработка: Zoom (5 лиценци), Microsoft Teams (достапен за сите вработени во бесплатна верзија) и системот iLearn, базиран на системот за учење Moodle, како и системот iKnow, студентски сервис за потписи, оценки, пријавување испити и сл., развиени и одржувани од Универзитетот.

Ресурсите за учење се достапни за сите запишани студенти, но не постојат посебни прилагодувања за лицата со посебни потреби. Во моментот, не студираат лица со посебни потреби. За физички пристап до ресурсите на лица со телесна попреченост, постојат вертикален и косодвижечки лифт, но и подни ознаки за лица со потешкотии во видот.

Одржувањето и мониторингот на техничките ресурси се извршува од сите инволвирани страни, со посебен акцент на продеканите и референтот за ИТ технологија, а евиденцијата се бележи преку годишни пописи на опрема.

Прилози
Прилог 6.2. А. Имотни листови
Прилог 6.2. Б. Попис на библиотечен фонд 2019-2024 и извадок од вкупен фонд
Прилог 6.2. В. Попис на информатичка опрема

6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции.	Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби; Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби; Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период).

Ненаставниот кадар на факултетот е организиран во 5 одделенија, соодветно поставени за извршување на предвидената работа и остварување на барањата на целокупната дејност на факултетот. Структурата на ненаставниот кадар според систематизацијата на факултетот со опис на работните позиции и број на вработени лица, актуелна за извештајниот период е претставена во прегледот во прилог. Вкупниот број на редовно вработени лица во стручните и административните служби и помошно-техничките лица е 12, односно 17.1% во однос на вкупно вработените на факултетот (70 лица). За извршување на обврските во ИТ службата и службата за хигиена, факултетот ангажира уште 5 лица со договор на дело. За дополнување на активностите во одделението за студентски прашања, советникот за библиотечно работење е ангажиран во библиотеката и студентската служба.

Поради рестриктивниот однос на државата за вработување на административен кадар и лаборанти, најавените пензионирања во одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и ограничените можности за обезбедување кадровски и останати капацитети од сопствени приходи постои ризик за нарушување на нормалното функционирање на факултетот.

Согласно Правилникот за внатрешна организација на факултетот и Правилникот за систематизација на работните места на факултетот, бројот на административни службеници според категориите и нивоата на работни места

изнесува 17 (кат. А, Б, В, Г), а бројот на помошно-техничките лица (кат. А, подгрупа 1, 2 и 5) изнесува 15. Очигледно е дека моменталниот број на вработени во овие категории е далеку под утврдениот број според правилниците (~39%).

Прилози

Прилог 6.3. А. Преглед на стручни и административни служби
Прилог 6.3. Б. Преглед на вработени и ангажирани лица во стручни и административни служби
Прилог 6.3. В. Правилник за внатрешната организација на Градежниот факултет во Скопје
Прилог 6.3. Г. Правилник за систематизација на работните места на Градежниот факултет во Скопје
Прилог 6.3. Д. Попис на обуки за ненаставен кадар

6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии.	Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот); Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

Во последните пет години на факултетот се реализирани неколку научно-истражувачки проекти во кои што биле вклучени и активно учествувале 43 студенти од факултетот, од кои 22 студенти од 2. циклус и 21 студент од 3. циклус на студии, во најголем дел асистенти на факултетот. Во наведениот период, реализирани биле следниве проекти:

1. Сеизмичка повредливост на постоечки ѕидани конструкции-СеизмоЗид, 11 студенти (2. циклус=10, 3. циклус=1)
2. Зајакнување ѕидарија со конструктивно префугирање-СТРЕП, 2 студенти (2. циклус=1, 3. циклус=1)
3. Паметни објекти: методологија за квалификација на енергетска ефикасност и чувствителност на вибрации-СМАРТБИЛД, 4 студенти (2. циклус=1, 3. циклус=3)
4. Анализа на интензивните врнежи во Република Северна Македонија, 4 студенти (2. циклус=3, 3. циклус=1)
5. Numerical analysis on Fire resistance of concrete structures damaged by seismic action, 2 студенти (3. циклус=2)
6. Нумеричко моделирање и експериментално испитување на термички и акустични карактеристики на градежни материјали и елементи и нивна оптимизација за зголемување на комфорот во објектите, АКУТЕРМОЛАБ, 6 студенти (3. циклус=6)
7. Одржливи цементни композитни материјали со слама, 5 студенти (2. циклус=2, 3. циклус=3)
8. Еколошки малтери за зелени фасади, 1 студент (3. циклус=1)
9. Развој и производство на гумено-челични елементи и производи од рециклирана полиуретанска пена за заштита од бучава и вибрации, 2 студенти (2. циклус=1, 3. циклус=1)
10. Изработка на изолациони градежни материјали од текстилен отпад, 4 студенти (2. циклус=2, 3. циклус=2)
11. Innovations in Smart Anything Everywhere – INNO-SAE, Метаматеријал за блокирање на звучни бранови, 2 студенти (2. циклус=2)

Процентот на студенти вклучени во научно-истражувачки проекти реализирани на факултетот во однос на вкупниот број на студенти по сите циклуси на студии е мала и изнесува 5.1%. Земајќи го предвид вкупниот број на студенти во последната учебна година (2023/2024), процентуалната застапеност на студенти во научно-истражувачки проекти по циклус на студии изнесува:

- Вкупно на 1. циклус: 444, застапеност = 0%
- Вкупно на 2. циклус: 358, застапеност = 6.14%
- Вкупно на 3. циклус: 43, застапеност = 48.84%

Прилози

Прилог 6.4. Преглед на студенти вклучени во научно-истражувачки проекти 2019-2024

6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др.	Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години; Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години; Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години.

Услугите, односно задачите на центрите за кариера се дефинирани во Правилникот за Центар за кариера на УКИМ. Центарот за кариера, во рамките на своите надлежности, ги врши следните работи: подготвува стратегија за развој на Центарот за кариера со акционен план и буџет; организира практиканство и прв пристап на студентите до пазарот на труд и вмрежување; организира работилници за кариерно советување и развој на бихејвиорални

вештини; развива маркетинг-план за промоција на Универзитетот и дипломците пред бизнис-заедницата и врши вмрежување; развива систем за воспоставување на Алумни-асоцијација на Универзитетот и води евиденција за поранешните студенти (алумни); им помага на студентите при добивање на информации за нивно кариерно планирање, кариерен развој, професионална обука и кариерно советување; организира Отворени денови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со цел да ги запознае идните студенти со можностите за студирање на Универзитетот; соработува со одборите за соработка и доверба со јавноста; врши истражувања на пазарот на трудот; врши и други работи од делот на кариерното советување.

Центарот за кариера (ЦК) на ГФ нема донесено свои правила за организација и работа и тесно се раководи според одредбите од Правилникот на УКИМ. ЦК на ГФ практично спроведува две активности: (1) Отворени ден што се организира од Центарот на УКИМ и (2) сопствено организирани промотивни активности (започнувајќи од формирањето на новата комисија на 5.5.2021). Дел од предвидените услуги односно задачи на ЦК на ГФ е потпишување меморандуми за соработка со стопанството и организација на практика на студентите со компании од стопанството. Сепак, овие активности ги спроведува факултетот, праксата е посебен предмет во рамките на студиските програми. Центарот за кариера редовно објавува информации за своите активности на официјалната веб страница на факултет, како и на официјалните профили на социјалните мрежи на факултетот.

ЦК на ГФ не организирал посебна пракса надвор од предметите. Досега, ЦК на ГФ нема организирано обуки, тренинзи или друг вид на поддршка за студентите преку Центарот за кариера. Исто така, не постојат извештаи за работата на Центарот на годишно или полугодишно ниво.

Прилози
Прилог 6.5. А. Правилник за Центарот за кариера на УКИМ
Прилог 6.5. Б. Преглед на активности на Центарот за кариера на ГФ
Прилог 6.5. В. Одлука за советник и РГ за Центар за кариера на ГФ

6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.	Приказ на системот за следење на Алумни заедницата Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот **(844)**; Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години; Доказ дека системот е функционален.

Факултетот формирал систем за следење на членовите на Алумни заедницата преку платформата за социјални медиуми наменета за бизнис и вработување ЛинкедИн (LinkedIn). Целта на овој систем е меѓусебно поврзување на дипломираните студенти на факултетот и нивно поврзување и соработка со матичната институција. За приклучување на оваа заедница, корисниците треба да имаат сопствен профил на оваа мрежа и во полето наменето за образование на корисникот, да биде вметнат точниот назив на факултетот на англиски јазик. Во моментот на изготвување на овој извештај (мај 2024), бројот на алумни членови изнесува 844, од кои околу 6% живеат надвор во странство.

До моментот на составување на извештајот не се забележани никакви активности на алумни заедницата во развојните планови на факултетот, ниту пак во организација на настани и иницијативи.

Прилози
Прилог 6.6. А. Приказ на алумни заедница (LinkedIn)-кадар од екран
Прилог 6.6. Б. Регистрирани членови на алумни заедница-кадар од екран

6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет.	Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето; Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели); Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори; Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години.

Согласно статутот на факултетот, студентите активно учествуваат во телата на факултетот: деканатска управа, и наставно-научен совет, како и соодветни комисии на факултетот: комисија и поткомисии за самоевалуација на факултетот, дисциплинска комисија и слично.

На факултетот функционира факултетско студентско собрание (ФСС). Составот на членовите на студентското собрание се избира по непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање. Мандатот трае една година, со

право на еден реизбор. Во ФСС учествуваат 25 студенти од сите студиски години и програми. ФСС има избрано заменик-студентски правобранител со задача заштита на правата на студентите пред органите или членовите на академската заедница на факултетот. Досега, не е регистрирана активност на заменикот-студентски правобранител.

Факултетот ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите на различни начини. За студентите е обезбедена просторија за нивно организирање и делување со приближна површина од 30 m^2, која што ја користат без надомест. Во рамките на помошните простории на факултетот, постои мала сала за пинг-понг, достапна за сите студенти и вработени, чие користење е бесплатно. Дополнително, на барање на ФСС, а во насока на организација на студентски настани, презентации и дебати, факултетот бесплатно ги отстапува своите простории (амфитеатар, предавални и сл.) заедно со потребната техничка опрема. Поддршката за активностите на ФСС за кои се потребни финансии се реализираат по барање на ФСС кое што се разгледува и усвојува на седниците на ДУ. Во текот на извештајниот период, факултетот одобрил финансиски средства на ФСС за различни намени, за учество на студентски натпревари во спорт „Градежнијада“, натпревари во знаење и слично.

Прилози

Прилог 6.7. А. Статут на Градежен факултет-Скопје
Прилог 6.7. Б. Одлука за членови од ФСС во ДУ и ННС
Прилог 6.7. В. Одлука за формирање комисија и поткомисии за самоевалуација
Прилог 6.7. Г. Одлука за предлог членови од ФСС во комисија за самоевалуација
Прилог 6.7. Д. Записник од избор на претседател и членови на ФСС за 2023-2024
Прилог 6.7. Ѓ. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од ГФ

6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање.	Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна.

Процесот на информирање на студентите со сите неопходни информации, обврски и можности се одвива секојдневно преку органите на факултетот, а особено преку студентската служба. Дистрибуирањето на услугите и можностите се спроведува главно по електронски пат, преку испраќање информации на електронската пошта на студентите и публикување информации на интернет страницата на факултетот, системите за електронско учење и социјалните мрежи. За таа цел, на главната веб страница на факултетот постои посебен дел, наречен Огласна табла, преку која се дистрибуираат различни информации: распореди на часови и испити, најава на настани, предавања, работилници, огласи за практикантство и работа, одбрани на дипломски, магистерски и докторски трудови и слично (https://gf.ukim.edu.mk/oglasna-tabla/).
Дополнително, за одредени активности, студентите се информираат преку промотивни материјали во печатена и електронска форма (постери, брошури и сл.).

Прилози

Прилог 6.8. А. Годишна конференција на докторски студии
Прилог 6.8. Б. Отворен ден на УКИМ (април 2024)
Прилог 6.8. В. Презентација на програма за практикантство (Зоран Ѓинѓиќ)
Прилог 5.8. Г. Листа на универзитети со кои соработува ГФ
Прилог 5.8. Д. Листа на стручна соработка (проектирање, надзор, консултантска услуга) со странски и домашни институции

СТАНДАРД 7

СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ	
Индикатор	**Документација**
7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.	Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации Акт за регулирање (доколку е применливо) Доказ дека системот е функционален. https://is.iknow.ukim.mk/ https://repository.ukim.mk/ https://scholar.google.com/ https://www.researchgate.net/ https://orcid.org/
Факултетот систематски ги прибира, анализира и користи релевантните информации за успешното спроведување на студиските програми и другите активности, при што ги вклучува сите учесници и засегнати страни. iKnow системот, развиен од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, е основен систем за прибирање и анализа на информации за студиските програми и активности на Факултетот. Со помош на овој систем, се следат и анализираат информации за интересот на студентите, бројот на запишани и дипломирани студенти, како и за успехот и бројот на испишани студенти. Сите засегнати страни, вклучувајќи ги и студентите, имаат пристап и можат да администрираат соодветни податоци во согласност со нивните привилегии. Дополнително, Факултетот користи и сопствен интерен софтвер за менаџирање на податоци и информации. Овој софтвер не само што служи за архивирање на стари информации, туку исто така функционира и како бекап база за релевантните информации за студиските програми и активностите на Факултетот. На овој начин се обезбедува дополнителна сигурност за континуитет на работата и заштитата на податоците. Понатаму, на Факултетот се користи системот „Ризница на научни трудови на УКИМ“, кој е репозиториум на научни трудови и публикации, јавно достапен. Оваа ризница претставува збирка на записи за научниот опус на Универзитетот, вклучувајќи го и Градежниот факултет - Скопје како единица на УКИМ. Научните трудови објавени од академската заедница на факултетот се јавно достапни во оваа ризница. Во оваа платформа се објавени статии, учебници, монографии, трудови од конференции, како и магистерски тези и докторски дисертации од студентите и наставниот кадар на факултетот. За подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, почнувајќи од 2021 година, секој член на научниот кадар задолжително создава и одржува свој кориснички профил на мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации. Ова вклучува платформи како Google Scholar, Research Gate и ORCID. Наставниците редовно ажурираат информации за своите научно-истражувачки активности на овие платформи.	
Прилози Прилог 7.1 А. Известување за преземање активности за подготовка на Годишен извештај 2022-2023 Прилог 7.1 Б. Правила за видливост на УКИМ	
7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.	Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци; Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. Извештаи за самоевалуација на факултетот Анкета за оценување на квалитетот на наставата за студентите на Градежниот факултет со Скопје
На Градежниот факултет – Скопје се прибираат релевантни податоци за профилот и дејноста на установата. Тие податоци се однесуваат на студентската популација, вклучувајќи клучни показатели на успех, напредок и успех на студентите, стапка на отпишување, исполнетост на очекувањата, достапни ресурси и поддршка за студентите,	

информации за вработувањето и кариерите на дипломираните студенти итн. Податоците за студентската популација се прибираат преку платформата iKnow, како и преку интерниот софтвер на Факултетот за менаџирање со податоци за студиските програми, додека информациите за професионалниот развој на дипломираните студенти се добиваат преку платформата за социјални медиуми наменета за бизнис и вработување LinkedIn каде Факултетот има своја алумни заедница.

Студентите активно учествуваат во прибирањето на податоци за анализа на квалитетот на наставно-образовниот процес, додека вработените се ангажирани во обезбедувањето на информации за нивната наставно-научна работа, вклучувајќи ги аспектите како вклученост и одржување на настава, истражувачки и проектни активности, објавени трудови, учество на конференции и други слични активности.

Дополнително, податоците прибрани од студентски анкети за евалуација на квалитетот на наставата, која се спроведува во текот на секој семестар, се користат како индикатори во рефератот за избор на секој наставник. Резултатите од евалуацијата се споделуваат со секој наставник, а вкупниот просек се анализира за да се утврди просечната оценка за наставниот кадар (од Градежниот факултет – Скопје и ангажираниот наставен кадар од УКИМ) по семестри за набљудуваниот период.

Податоците и информациите добиени во овие процеси се користат за планирање на активности во Факултетот, вклучувајќи промоција, уписна политика, подобрување на наставата, услови за студирање, меѓународна соработка и врски со јавниот и приватниот сектор.

Прилози
/

7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата.	Информација за значајни настани, активности и процеси. Огласна табла Информации за меѓународна соработка

На Градежниот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, годишно се организираат и одржуваат голем број настани и активности во насока на унапредување на образовниот процес, научно-истражувачките активности, како и вмрежување со бизнис и меѓународната заедницата.

Во моментов, Факултетот не располага со посебен електронски регистар за значајни настани и активности. За управување со информации и документи, се користи cloud платформа Microsoft SharePoint и OneDrive преку која се менаџираат сите документи и информации за потребите на органите за управување на Факултетот.

Информациите за значајните настани, активности и процеси, редовно се објавуваат во Годишните извештаи за работа на Градежниот факултет, како и на ажурираната веб-страница на установата. Овие информации се достапни во различни делови на веб-страницата, каде што се презентираат на соодветен начин.

Прибраните податоци по различни основи редовно се анализираат и дискутираат на Деканатската управа и ННС, при што се изведуваат соодветни заклучоци кои се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на Факултетот за донесување одлуки за промени и подобрувања во иднина.

Прилози
Прилог 7.3 А. Годишен извештај за работата на Градежниот Факултет - Скопје 2021-2022
Прилог 7.3 Б. Годишен извештај за работата на Градежниот Факултет - Скопје 2022-2023

7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни.	Акт на установата; Опис на практиката за заштита на личните податоци; Други релевантни документи или политики на установата. Одлука за информации од јавен карактер

Факултетот соодветно ја обезбедува безбедноста односно ги штити личните податоци на сите засегнати страни согласно Законот за заштита на лични податоци и Планот и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Градежниот факултет – Скопје, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и правилниците за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување и начинот на уништување на документите.

Градежниот факултет - Скопје, како дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, користи iKnow систем за обработка на студентските податоци во дигитален формат. Факултетот е корисник на системот, кој се одржува од страна на Универзитетот. Со безбедносна автентикација, вработените и студентите можат да пристапат до информации за своите активности во согласност со нивните привилегии.

Во однос на податоците кои се прибираат во хартиена форма, и согласно Законот за високо образование и согласно

со Статутот на УКИМ, утврдени се податоците кои ќе се обработуваат во студентските досиеја. Студентите при нивното запишување во прва година, потпишуваат изјави со кои даваат нивна согласност, нивните лични податоци да бидат обработувани, согласно Законот за високото образование.

Исто така, факултетот (во 2013 година) донесува и Одлука за утврдување на листа на информации од јавен карактер кој ги создал и со кој располага Градежниот факултет–Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон, а се однесуваат на органите на факултетот, наставата, научно-истражувачка и апликативна дејност, издавачка дејност, меѓународна соработка, финансиско-материјално работење. Согласно донесената Одлука, член 2, заштитени од правото за слободен пристап до информациите се сите лични податоци од персоналното досие на вработените, досието на студентите и лични податоци прикажани во други материјали како и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Прилози

Прилог 7.4. А. План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита
Прилог 7.4. Б. Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка
Прилог 7.4. В. Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување
Прилог 7.4. Г. Правилник за начинот на уништување на документите

СТАНДАРД 8

СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА	
Индикатор	**Документација**
8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.	Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата; Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите; Извештај за учество или организација на саем/и; Други релевантни материјали или конкретни примери. Промотивно видео - Зошто да запишете Градежен факултет? Интервју - Тема на денот со деканот на Градежниот факултет проф. д-р Горан Марковски Научен спектар - Градежни дигитални близнаци Скопје 6 деценции потоа Отворен ден на УКИМ 2024 – претставување на Градежниот факултет Работилница „Градиме иднина“
Градежниот факултет - Скопје редовно објавува информации за студиските програми и активности, кои се ажурирани и достапни за сите корисници. Дополнително, се спроведуваат активности за промоција на факултетот, каде учествуваат административниот и наставниот кадар. За управување со социјалните медиуми, постои тим кој се грижи за објавување на информации. Точноста на информациите се обезбедува преку соработка на различни тела. Центарот за кариера, заедно со раководителите на катедрите и студентите активно соработуваат и учествуваат во тоа. За да се подобри ситуацијата со уписот на нови студенти, првично, Деканатот, Комисијата за перманентна промоција на Градежниот факултет, Центарот за кариера и новоформираната комисија за зголемување на видливоста на факултетот одржуваа различни промотивни активности. Тие вклучуваат перманентно присуство во медиумскиот простор, позиционирање на факултетот во академската заедница, изработка и дистрибуција на промотивни филмови и материјали, како и организирање на стручни настани и други слични активности. Градежниот факултет – Скопје на редовна основа реализира низа промотивни активности во рамки на Стратегијата за промоција на Факултетот, како на пример: (1) Промотивна кампања на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм; (2) Организирање и реализација на промотивен настан “Отворен ден на УКИМ – Отворен ден на Градежен факултет”; (3) Промоција на факултетот од страна на вработените пред учениците од повеќе средни училишта во Скопје и останатите поголеми градови; (3) Организација на првиот академски час и (4) Промоција на дипломирани и магистрирани студенти. Промотивни активности остварени во учебната 2023-2024: (1) Во рамките на одбележувањето на 60 години од Скопскиот катастрофален земјотрес, како носител на серијалот настани насловен „Скопско асеизмичко лето“ факултетот организираше меѓународна тематска конференција наречена 4S како и заедно со компанијата АДИНГ АД, стручно едукативен настан БЕТОН.Ск за студентите на факултетот и за учениците од средното училиште Здравко Цветковски. (2) На 6.10.2023 година, со организирана стручна посета на пречистителната станица во Кочани и со пригодно другарување на вработените, пензионираните професори и дел од студентите, беше одбележен 74-тиот роденден на факултетот. (3) Отворен ден на УКИМ 01.12.2023 год. каде во два термини, беа презентирани студиските програми, активностите на студентите и центарот за кариера, како и можностите за стипендирање. (4) Отворен ден на УКИМ 12.04.2024 организиран како комбиниран настан со Ден за кариерен развој на УКИМ одржан на платото на УКИМ (Ректорат). (5) На 21-22. Април, 2024 година, во организација на Центарот за кариера на Градежниот факултет, во Конгресниот центар на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Охрид, беше одржана работилницата „Градиме иднина“. На работилницата зедоа учество ученици и еден професор од неколку средни училишта во Скопје, Охрид и Струга. Целта работилницата беше учениците, преку активностите предвидени со внимателно осмислената агенда, подобро и подетално да се запознаат со градежништвото како струка и наука и Градежниот факултет како институција.	
Прилози /	
8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето,	Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи СТАТУТ на Градежниот факултет во Скопје

квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование.	Акредитации прв, втор и трет циклус Деловник за начинот на работа и одлучување на телата на Градежниот факултет Завршни сметки Информации од јавен карактер Етички кодекс

Градежниот факултет - Скопје обезбедува целосни релевантни информации за своите студенти, вклучувајќи ги студиските програми, уписните критериуми, целите на учењето, квалификациите, постапките во наставата и условите за учење. Овие информации се достапни на веб страницата на факултетот, а редовно се организираат промотивни настани што обезбедуваат дополнителни информации и можности за дискусии со студентите.

Извештаите за последен избор во звање за секој наставник и соработник се објавени во Билтенот на УКИМ. Додека, одлуките за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавени во Билтенот на УКИМ, исто така се објавуваат на веб страната на Факултетот.

Во моментот нема објавен Распоред на работни задачи за тековната учебна година, генерално тие се уредени во Правилникот за систематизација на работните места на Градежниот факултет – Скопје.

Прилози
Прилог 8.2. А. Правилник за систематизација на работните места на Градежниот факултет во Скопје
Прилог 8.3. Б. Одлука за плати, надоместоци на Градежниот факултет во Скопје

8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо).	Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа; Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). Преглед на одобрени магистерски теми на Градежен факултет Скопје, УКИМ Преглед на прифатена тема за изработка на докторска дисертација на Градежен факултет Докторска дисертација на Градежен факултет Скопје Објави на веб страната за одбрана на докторски дисертации и магистерски тези

Градежниот факултет редовно го објавува распоредот на закажани одбрани на докторските дисертации и магистерските трудови. Магистерските трудови и докторските дисертации се достапни во библиотеката на факултетот.

Прегледот на прифатените тези за втор и трет циклус студии е објавен на огласната табла на факултетот. Објавите за распоредот на одбраните се прави на огласната табла на факултетот, обично 7 дена пред одбраната. Во годишниот извештај во делот за научно истражувачката работа се адресираат сите исходи од наставната и научната работа.

Прилози
/

СТАНДАРД 9

СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА	
Индикатор	**Документација**
9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.	Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+; Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии); Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). Интернет-страна на универзитетот посветена на мобилност во рамки на ERASMUS+ Интернет-страна на факултетот посветена на мобилност со ERASMUS+ Документ за вреднување и обврска за признавање на мобилноста

Студентите ги користат можностите за мобилност, за што универзитетот и факултетот имаат дефинирани и утврдени процедури, кои се објавени и достапни на соодветните интернет-страници.

Студентите, како и вработените на факултетот, имаат можност да реализираат мобилност во рамки на програмите ERASMUS+ Programme и CEEPUS.

Факултетот има продекан за наука и меѓународна соработка кој е и надлежен за мобилноста преку ERASMUS+. Во таа улога, продеканот има за задача да ги координира студентите околу аплицирање и прифаќање на остварените активности при реализираната мобилност, додека Канцеларијата за меѓународна соработка на УКИМ има задача да оствари комуникација меѓу универзитетите и да склучува договори. Така, во анализираниот период, продеканот обезбедуваше логистичка поддршка на студентите кои се пријавиле за добивање на стипендија за академска мобилност. Преку Универзитетот, Градежниот факултет има склучено преку 20 ERASMUS договори за мобилност на студенти и наставен кадар.

Преглед на остварената мобилност во рамки на ERASMUS+ програмата за мобилност на студенти, во анализираниот период 2019-2024, се дава во следната табела:

Академска година	**Број на вкупно запишани студенти на сите три циклуси на студии во семестарот кога е остварена мобилноста**	**Број на студенти кои оствариле мобилност**	**Процент на студенти кои оствариле мобилност**
2019/2020	1089	4	0,37
2020/2021	1026	1	0,10
2021/2022	1008	1	0,10
2022/2023	991	2	0,20
2023/2024	751	0	0

Релативно ниските процентуални учества на студентите кои оствариле мобилност во однос на вкупно запишаните студенти делумно се должи на вонредните пандемски услови за време на извештајниот период, и секако дека има простор да се направат напори за зголемување на мобилноста на студентите во иднина.

Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена, што е дефинирано во документот Student Mobility for Studies. Имено, при пополнување на конкурсната документација, студентите во посочениот документ ги наведуваат предметите кои сакаат да ги слушаат во летниот семестар (апликацијата се одвива во претходниот зимски семестар) на факултетот кој ги прима, а на документот се потпишуваат овдешните предметни наставници со обврска да ги признаат и прифатат следењето и положувањето на предметот, со овдешен број на кредити.

Покрај признавањето на слушаните и положени предмети при мобилност согласно договорите, факултетот овозможува неограничена мобилност на студентите.

Прилози
Прилог 9.1 Листа на студенти кои користеле мобилност во последните пет години

9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено	Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација; Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;

индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата.	Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка; Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација; Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). Извештај од самоевалуација за период 2019-2022

Меѓународната соработка е континуирано присутен приоритет на факултетот во насока на вмрежување, размена на искуства и практики во сферата на наставниот, научниот и истражувачкиот процес. Впрочем, во редовните Годишни извештаи за работата на Градежниот факултет, една од точките е посветена токму на преглед на остварена научно-истражувачка работа и меѓународна соработка во претходната година, потоа е издвоено поглавје во извештаите од самоевалуацијата, а е важен дел и од Програмата за работа на Деканот во период 2022-2025.

За извршување на функциите од областа на меѓународната соработка и интернационализација и зајакнување на овие компоненти, покрај продекан за наука и меѓународна соработка, Градежниот факултет има формирано и Комисија за научно-истражувачка дејност и меѓународна соработка, со која раководи продеканот, и која повремено одржува состаноци. Нивните препораки, како и оние изнесени во Извештајот од самоевалуацијата, факултетот ги следи, но и ги поткрепува со одредбите и насоките во Програмата за работа, каде како развојни и стратегиски цели и приоритети во доменот на интернационализација се: продолжување на конкретната соработка со странски универзитети, обезбедување услови за престој на млади соработници и наставници во партнерски институции во странство, пружање поддршка за секој објавен труд во списание со IF и на меѓународни научни собири итн.

Како резултат, факултетот е вклучен во меѓународните програми ERASMUS+, CEEPUS, COST итн., преку кои се остварува мобилност на наставен кадар, студиски престој во странска институција, соработка со истакнати истражувачи од странство, размена на сознанија и резултати од истражувања итн. За тоа придонесува и учеството на наставниот кадар на Градежниот факултет во научни одбори на меѓународни конференции; во одбори за евалуација на реферати поднесени за објавување во меѓународни списанија; во уредувачки одбори на списанија со импакт-фактор; во меѓународни технички комитети.

Токму реализирањето на предвидените активности и исполнувањето на индикаторите на полето на меѓународната соработка и интернационализација се следи редовно преку изготвување на Годишен извештај за меѓународна соработка кој претставува интегрален дел од Годишниот извештај за работењето на Градежниот факултет – Скопје, како и во рамките на извештаите од самоевалуацијата во изминатите тригодишни периоди. Така, во извештаите се издвојуваат студиските престои на академскиот кадар на странски универзитети, организираните научни настани со учесници од странство, гостувањата на реномирани професори и научни работници од странски универзитети, соработките со други градежни факултети и универзитети, меморандуми за соработка со сродни институции итн. Воедно, локалните координатори на меѓународните научно-истражувачки проекти подготвуваат извештаи од работата, а кои се предмет на разгледување во рамки на редовните седници на Наставно-научниот совет (ННС), кога истите и се усвојуваат. Во рамките на седниците на ННС континуирано се споделуваат и информации од остварени престои во странство.

Прилози
Прилог 9.2. А. Извештај за работата на ГФ во 2019-2020
Прилог 9.2. Б. Програма за работа на Декан 2022-2025 - 04.50-05.36 (видео)
Прилог 9.2. В. Одлука за Комисија за научно-истражувачка дејност и меѓународна соработка

9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн.	Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). Завршни сметки на Градежен факултет

Финансирањето на меѓународната соработка на факултетот се врши со сопствени средства на факултетот, средства на УКИМ, од странски програми и со средства обезбедени од Министерството за образование и наука (МОН). Притоа, средствата на факултетот се формираат од фондови за остварување на дејностите на факултетот, за млади кадри, за поддршка на научно-истражувачка работа, на катедри и од процент од школарина за I и II циклус на студии.

Реализацијата и финансирањето на меѓународната соработка е во согласност со Одлуката за начин на користење на средства за наставна и научно-истражувачка работа при Градежен факултет, со која, помеѓу

останатото, за вработените се предвидува покривање на трошоци за: студирање на трет циклус на универзитет во странство; учество на конгреси, симпозиуми, стручни и научни собири во земјата и странство; студиски патувања и престои за специјализација и усовршување; учество во работа на меѓународни одбори, комисии и стручни тела, и сл., како и за повикани гости и предавачи.

Според завршните сметки, факултетот во изминатите години од наведените извори на сопствени средства ги издвоил следните износи за меѓународна соработка и покривање на трошоци за патување, сместување и дневници, како и за учество на конференции: во 2019 год. – 1250173 ден.; во 2020 год. – 823257 ден.; во 2021 год. – 316370 ден.; во 2022 год. – 1563990 ден.; во 2023 год. – 986367 ден.

Од МОН, пак, пристигнатите и искористени средства за меѓународна соработка се: за 2019 год. – 173300 ден.; за 2020 год. – 131348 ден.; за 2021 год. – 558391 ден.; за 2022 год. – 131085 ден.; за 2023 – 152829 ден.

Покрај ова, факултетот за дел од проектните активности кои ги реализира како координатор или партнер (ERASMUS+ и други), согласно правилниците на УКИМ, се финансира преку Универзитетот, па администрирањето и распределувањето на финансиските средства за овие научно-истражувачки проекти се врши централизирано преку Ректоратот на Универзитетот.

Прилози
Прилог 9.3. А. Одлука за средства од научно-истражувачка работа
Прилог 9.3. Б. Завршна сметка на ГФ за 2019
Прилог 9.3. В. Завршна сметка на ГФ за 2020
Прилог 9.3. Г. Завршна сметка на ГФ за 2021
Прилог 9.3. Д. Завршна сметка на ГФ за 2022
Прилог 9.3. Ѓ. Завршна сметка на ГФ за 2023

9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети.	Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+; Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми); Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години); Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. Меѓународна соработка на ГФ ERASMUS+ билатерални договори на УКиМ ERASMUS+ договори за Градежен факултет Центар за кариера при Градежен факултет Едукативно-стручен настан Обука за студенти од трет циклус на студии Летна школа во Грац Програма за пракса со GIZ Курсеви во рамки на ALL4R&D BESTSDI

Градежниот факултет се истакнува со соработка со бројни институции од земјата и странство, од која студентите имаат исклучителен бенефит. Имено, студентите имаат можност дел од студиите да ги реализираат на странски универзитети, за што на располагање ја имаат програмата ERASMUS+, додека во последниот семестар, преку предметот „Пракса“, се упатуваат на практична работа во стопанството, во фирми и компании.

Одредени насоки за својот понатамошен развој, помеѓу кои се и избор на студиски програми (насоки) и предмети, студентите може да побараат во Центарот за кариера при Градежен факултет, кој негува контакти и обезбедува информации од Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за информатичко општество и администрација, Агенцијата за вработување и др.

Наставниот кадар на ГФ е вклучен во планирање, организација и реализација на домашни и меѓународни летни школи и обуки во државата, додека контактите со странство ги ползува и за пружање на можност на студентите да земат учество на такви настани во други држави.

Во рамките на реализацијата и иновирањето на студиските програми, факултетот разменува искуства и соработува и со други образовни и научни институции од земјата и странство, со кои има склучено и меморандуми за соработка.

Паралелно, ГФ е вклучен и во повеќе програми, проекти и настани од меѓународен карактер и важност. Така, организирани се и поголем број на работилници, обуки и семинари, со физичко присуство и/или со примена на

видео-конференциска врска, наменети и за студенти, а на кои предавачи биле и членови на наставниот кадар на ГФ.

Одредени компоненти на научно-истражувачките проекти и акции се комплементарни на предметните програми, како што се оние во рамките на ALL4R&D, BESTSDI итн., и се пример за реализација на делови од предметни програми со странски универзитети.

Прилози

Прилог 9.4. А. Листа на конференции на кои ГФ е организатор-коорганизатор
Прилог 9.4. Б. Листа на универзитети и факултети со кои соработува наставен кадар од ГФ
Прилог 9.4. В. Листа на студиски престој на наставниот кадар
Прилог 9.4. Г. Листа на работилници и семинари
Прилог 9.4. Д. Листа на научно-истражувачки проекти и акции

9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.	Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа); Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови; Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. Дел од одржани предавања пред извештајниот период Журнал SJCE со меѓународен уредувачки одбор во издание на ГФ

Градежниот факултет има повеќегодишна традиција за ангажирање на наставен кадар од странство во одржување на предавања за своите студенти. Тоа е резултат од меѓународната комуникација, но и на ангажирањето на реномирани истражувачи во меѓународниот уредувачки одбор на журналот SJCE што го издава ГФ.

Сето ова се одразува и на дојдовната мобилност, преку која на ГФ престој остариле Арон Габор (Франција), Вито Тагарели (Италија), Мирослав Шимун (Хрватска) и др.

На таков начин, странски професори, од различни краеви на Европа, редовно се вклучуваат во наставата: Дитмар Адам (Австрија), Николас Р. Бартон (Норвешка), Ахмет Сагламер (Турција), Решат Улусај (Турција), Слободан Б. Мицковски (Шкотска), Борис Јеремиќ (САД) и др.

Дел од нив, но и други, биле и ангажирани како ко-ментори или членови на комисии за оценка и одбрана на магистерски и докторски трудови: Решат Улусај (Турција), Нориказу Шимицу (Јапонија), Хусеин Мруех (Франција), Криштоф Бутенвег (Германија), Свен Кинкел (Германија), Шон Смит (Шкотска), Пауло Амадо (Португалија), Душко Лучиќ (Црна Гора), Николај Рангелов (Бугарија), Војкан Јовичиќ (Словенија), Зоран Бониќ (Србија), Слободан Б. Мицковски (Шкотска), Драгослав Ракиќ (Србија), Слободан Живаљевиќ (Црна Гора) и др.

За овие цели, ГФ ги ползува контактите, но и своите алумни, како и предностите на отсуство на јазични бариери.

Во годините пред пандемијата, на ГФ редовно се запишуваа студенти од странство, претежно од Турција. Но, од 2019 год., не се регистрирани запишани студенти од странство на прв и втор циклус на студии, за разлика од што на трет циклус на студии во извештајниот период се запишани 20 странски студенти: во 2019 год. – 1 студент; во 2020 год. – 6; во 2021 год. – 2; во 2022 год. – 9; а во 2023 – 2. Во изминатите години, одреден број на странски студенти остариле престој и реализирале истражување на Градежниот факултет.

Прилози

Прилог 9.5 Листа на визитинг наставници

4. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ
Во овој дел може да се достават дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници.
/
/

5. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИ

Студентските анкети за зимскиот и летниот семестар 2023/2024 се реализираа во период од 13-30.6.2024 година.
Анкетите за наставниот и стручно-административниот кадар се реализираа од 14-25.6.2024.
Сите анкети се спроведоа преку системот за анкети на УКИМ, достапен преку веб страницата https://anketi.ukim.mk/.

СТУДЕНТСКА АНКЕТА ЗА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНИОТ И СОРАБОТНИЧКИОТ КАДАР

Просечни оценки по предмет

Код на предмет	Име на предмет	Име и презиме	Професор / Асистент	Анкетирани студенти	Просек
GD1-08	CAD ориентиран софтвер	Сергеј Чурилов	Професор	2	5.00
ЗК-22-ГР-18	Алуминиумски конструкции	Миле Партиков	Професор	4	4.93
ЗК-22-ГР-18	Алуминиумски конструкции	Денис Поповски	Асистент	1	5.00
31-23-ГР-18	Армиран бетон	Горан Марковски	Професор	35	4.90
31-23-ГР-18	Армиран бетон	Марија Доцевска	Асистент	35	4.90
31-25-18	Армиран бетон и конструкции	Дарко Наков	Професор	1	5.00
ГР-К-3-121	Армиранобетонски згради	Дарко Наков	Професор	3	5.00
ГР-К-3-121	Армиранобетонски згради	Марија Доцевска	Асистент	3	4.93
ЗК-34-18	Армиранобетонски конструкции	Горан Марковски	Професор	3	4.37
ЗК-34-18	Армиранобетонски конструкции	Дарко Наков	Професор	1	5.00
ЗК-34-18	Армиранобетонски конструкции	Марија Доцевска	Асистент	4	4.63
Г1-21-18	Бази на податоци	Ѓорѓи Ѓорѓиев	Професор	7	5.00
Г1-21-18	Бази на податоци	Наташа Малианска	Асистент	5	5.00
ЗМ-24-ГР-18	Безбедност и здравје при работа на градилиште	Валентина Жилеска Панчовска	Професор	10	4.98
ЗМ-24-ГР-18	Безбедност и здравје при работа на градилиште	Валентина Жилеска Панчовска	Асистент	3	4.93
ГР-Х-И-2309	Бетонски брани - одбрани поглавја	Стевчо Митовски	Професор	3	5.00
ГР-Х-И-2309	Бетонски брани - одбрани поглавја	Стевчо Митовски	Асистент	2	5.00
ГР-Х-И-2309	Бетонски брани - одбрани поглавја	Фросина Пановска	Асистент	1	5.00
GD1-30	Веројатност и статистика	Зоран Мисајлески	Професор	1	5.00
GD1-30	Веројатност и статистика	Стефан Мирчевски	Асистент	1	5.00
Г1-16-18	Вовед во програмирање	Владимир Витанов	Професор	6	4.67
GD1-07	Вовед во програмирање	Владимир Витанов	Професор	4	5.00
ГР-И-1201	Вовед во програмирање	Владимир Витанов	Професор	2	4.70
Г1-16-18	Вовед во програмирање	Владимир Витанов	Асистент	1	5.00
ЗМ-27-ГР-18	Вовед во утврдување вредност на недвижности	Ванчо Ѓорѓиев	Професор	3	4.70
ГР-Х-З-125	Водостопански системи	Стевчо Митовски	Професор	4	5.00
ГР-Х-З-125	Водостопански системи	Фросина Пановска	Асистент	3	5.00
ГР-З-123	Геодезија	Златко Богдановски	Професор	22	4.15
ГР-З-123	Геодезија	Филип Петровски	Асистент	21	4.08
Г1-11-18	Геодезија 1	Златко Богдановски	Професор	6	4.48

GD1-05	Геодезија 1	Златко Богдановски	Професор	1	5.00
Г1-11-18	Геодезија 1	Филип Петровски	Асистент	4	4.50
GD1-05	Геодезија 1	Филип Петровски	Асистент	1	5.00
Г1-13-18	Геодезија 2	Златко Богдановски	Професор	1	5.00
Г1-13-18	Геодезија 2	Филип Петровски	Асистент	1	5.00
31-14-18	Геодезија	Златко Богдановски	Професор	11	4.48
31-14-18	Геодезија	Филип Петровски	Асистент	10	4.43
Г1-17-18	Геодетска метрологија	Лазо Димов	Професор	3	5.00
Г1-17-18	Геодетска метрологија	Магдалена Попоска	Асистент	2	4.95
ГП-1-18	Геодетска пракса 1	Златко Богдановски	Професор	2	5.00
ГП-1-18	Геодетска пракса 1	Филип Петровски	Асистент	2	5.00
Г1-18-18	Геодетски израмнувања	Филип Касаповски	Професор	2	4.60
Г1-18-18	Геодетски израмнувања	Филип Петровски	Асистент	1	3.00
GD1-06	Геодетски подлоги	Ѓорѓи Ѓорѓиев	Професор	3	5.00
Г1-08-18	Геодетски подлоги	Ѓорѓи Ѓорѓиев	Професор	2	5.00
GD1-06	Геодетски подлоги	Наташа Малианска	Асистент	3	5.00
Г1-08-18	Геодетски подлоги	Наташа Малианска	Асистент	2	5.00
ГТ-18-18	Геосинтетици	Љупчо Димитриевски	Професор	1	5.00
ГТ-18-18	Геосинтетици	Јован Папиќ	Асистент	1	5.00
31-18-18	Геотехника кај рударски работи	Милорад Јовановски	Професор	1	5.00
31-18-18	Геотехника кај рударски работи	Сеад Абази	Асистент	1	5.00
ГТ-15-18	Геотехника на подземни работи и конструкции	Спасен Ѓорѓевски	Професор	2	4.00
ГТ-15-18	Геотехника на подземни работи и конструкции	Бојан Сусинов	Асистент	2	4.50
ЗК-20-ГР-18	Градежна физика	Тодорка Самарџиоска	Професор	29	4.89
ЗК-20-ГР-18	Градежна физика	Милица Јованоска - Митревска	Асистент	27	4.94
ГР-З-124-У	Градежни материјали	Тодорка Самарџиоска	Професор	21	4.85
31-08-18	Градежни материјали	Тодорка Самарџиоска	Професор	3	5.00
ГР-З-124-У	Градежни материјали	Милица Јованоска - Митревска	Асистент	21	4.84
31-08-18	Градежни материјали	Милица Јованоска - Митревска	Асистент	3	5.00
ГР-И-1203	Градежништво и заштита на животната средина	Катерина Доневска	Професор	13	3.88
ГР-К-З-113	Дејства на конструкции	Симона Богоевска	Професор	3	3.43
ГР-К-З-113	Дејства на конструкции	Симона Богоевска	Асистент	1	4.60
33-ДД-ГР-18	Дипломска работа	Бојан Сусинов	Професор	1	5.00
33-ДД-ГР-18	Дипломска работа	Денис Поповски	Професор	1	5.00
33-ДД-ГР-18	Дипломска работа	Елена Думова Јованоска	Професор	1	3.00
33-ДД-ГР-18	Дипломска работа	Златко Зафировски	Професор	1	5.00
33-ДД-ГР-18	Дипломска работа	Тодорка Самарџиоска	Професор	1	5.00
33-ДД-ГР-18	Дипломска работа	Ивона Недевска	Асистент	1	5.00
31-20-18	Долен строј на сообраќајници	Златко Зафировски	Професор	1	5.00
ЗС-26-ГР-18	Долен строј на сообраќајници	Златко Зафировски	Професор	1	5.00
ГР-ТИ-З-122	Долен строј на сообраќајници	Златко Зафировски	Професор	1	5.00
31-20-18	Долен строј на сообраќајници	Ивона Недевска	Асистент	1	5.00
ГР-ТИ-З-122	Долен строј на сообраќајници	Ивона Недевска	Асистент	1	5.00
31-20-ГР-18	Железници	Зоран Кракутовски	Професор	35	4.41

31-20-ГР-18	Железници	Ивона Недевска	Асистент	35	4.47
ГР-ТИ-И-237	Заштита од сообраќајна бучава	Горан Мијоски	Професор	1	5.00
ГР-К-И-1201	Звук и акустика	Тодорка Самарџиоска	Професор	3	5.00
ГР-К-И-1201	Звук и акустика	Милица Јованоска - Митревска	Асистент	3	5.00
ГР-К-З-123-У	Земјотресно инженерство	Елена Думова Јованоска	Професор	3	4.73
ГР-К-З-123-У	Земјотресно инженерство	Кристина Милкова	Асистент	3	3.97
ЗК-21-ГР-18	Ѕидани конструкции	Сергеј Чурилов	Професор	3	5.00
ЗК-21-ГР-18	Ѕидани конструкции	Кристина Милкова	Асистент	3	5.00
Г1-22-18	Инженерска геодезија	Лазо Димов	Професор	2	5.00
Г1-22-18	Инженерска геодезија	Томе Геговски	Асистент	1	5.00
ГР-К-И-1206-У	Инженерско моделирање	Сергеј Чурилов	Професор	2	5.00
ГР-К-И-1206-У	Инженерско моделирање	Кристина Милкова	Асистент	2	4.60
31-10-18	Јакост на материјалите	Коце Тодоров	Професор	9	4.84
31-10-18	Јакост на материјалите	Милица Јованоска - Митревска	Асистент	7	4.84
31-10-18	Јакост на материјалите	Тодорка Самарџиоска	Асистент	1	5.00
ГР-З-125	КАД ориентиран софтвер	Сергеј Чурилов	Професор	22	4.58
ГР-З-125	КАД ориентиран софтвер	Сергеј Чурилов	Асистент	1	3.30
ЗХ-31-ГР-18	Канализации	Петко Пеливаноски	Професор	1	5.00
ЗХ-31-ГР-18	Канализации	Никола Крстовски	Асистент	1	5.00
Г1-20-18	Катастар	Ванчо Ѓорѓиев	Професор	10	4.89
ГР-З-122-У	Кинематика и динамика	Мери Цветковска	Професор	21	4.65
31-11-ГР-18	Кинематика и динамика	Мери Цветковска	Професор	28	4.80
ГР-З-122-У	Кинематика и динамика	Милица Јованоска - Митревска	Асистент	21	4.80
31-11-ГР-18	Кинематика и динамика	Милица Јованоска - Митревска	Асистент	27	4.88
33-ММ-ГР-18	Магистерска работа	Горан Мијоски	Професор	1	5.00
33-ММ-ГР-18	Магистерска работа	Елена Думова Јованоска	Професор	1	5.00
33-ММ-18	Магистерска работа	Лазо Димов	Професор	1	5.00
33-ММ-ГР-18	Магистерска работа	Тодорка Самарџиоска	Професор	1	5.00
33-ММ-ГР-18	Магистерска работа	Кристина Милкова	Асистент	1	5.00
33-ММ-ГР-18	Магистерска работа	Милица Јованоска - Митревска	Асистент	1	5.00
33-ММ-18	Магистерска работа	Томе Геговски	Асистент	1	5.00
31-09-18	Математика 2	Даниел Велинов	Професор	3	5.00
ГР-З-121-У	Математика 2	Зоран Мисајлески	Професор	23	4.13
31-09-18	Математика 2	Зоран Мисајлески	Професор	4	4.30
ГР-З-121-У-2	Математика 2	Зоран Мисајлески	Професор	5	4.58
ГР-З-121-У	Математика 2	Стефан Мирчевски	Асистент	22	4.29
31-09-18	Математика 2	Стефан Мирчевски	Асистент	7	4.79
ГР-З-121-У-2	Математика 2	Стефан Мирчевски	Асистент	5	4.66
Г1-27-18	Математичка картографија	Златко Србиноски	Професор	4	4.75
Г1-27-18	Математичка картографија	Филип Касаповски	Асистент	2	5.00
ГТ-07-18	Механика на почвите 2	Љупчо Димитриевски	Професор	1	5.00
ГТ-07-18	Механика на почвите 2	Сеад Абази	Асистент	1	5.00
31-12-18	Механика на флуиди	Виолета Ѓешовска	Професор	5	4.70
31-12-18	Механика на флуиди	Бојан Илиоски	Асистент	4	4.60

ГР-Х-И-2307	Моделирање во комунална хидротехника	Гоце Тасески	Професор	1	5.00
ГР-ТИ-И-231	Модернизирање на железници	Дарко Мославац	Професор	2	4.15
ГР-ТИ-И-231	Модернизирање на железници	Дарко Мославац	Асистент	1	3.30
ЗМ-23-ГР-18	Одбрани поглавја од планирање во градежништвото	Маријана Лазаревска	Професор	4	5.00
ЗМ-23-ГР-18	Одбрани поглавја од планирање во градежништвото	Васко Гацевски	Асистент	3	5.00
ГР-ТИ-З-124	Одбрани поглавја од тунели	Дарко Мославац	Професор	3	4.83
ГР-ТИ-З-124	Одбрани поглавја од тунели	Дарко Мославац	Асистент	1	4.50
ГР-И-1202	Одржлив развој во градежништвото	Тодорка Самарџиоска	Професор	7	5.00
ГР-И-1202	Одржлив развој во градежништвото	Валентина Жилеска Панчовска	Асистент	2	5.00
ЗС-35-ГР-18	Одржување на железници	Златко Зафировски	Професор	4	4.90
ЗС-35-ГР-18	Одржување на железници	Ивона Недевска	Асистент	4	4.88
ЗК-24-ГР-18	Основи на асеизмичко проектирање	Елена Думова Јованоска	Професор	23	4.91
ЗК-24-ГР-18	Основи на асеизмичко проектирање	Кристина Милкова	Асистент	10	4.90
ЗК-24-ГР-18	Основи на асеизмичко проектирање	Симона Богоевска	Асистент	1	5.00
З1-21-ГР-18	Основи на челични конструкции	Петар Цветановски	Професор	32	4.64
З1-21-ГР-18	Основи на челични конструкции	Марија Доцевска	Асистент	1	4.80
З1-21-ГР-18	Основи на челични конструкции	Миле Партиков	Асистент	30	4.64
ЗХ-25	Параметарска хидрологија	Виолета Ѓешовска	Професор	1	5.00
ЗХ-25	Параметарска хидрологија	Бојан Илиоски	Асистент	1	5.00
ГТ3-З1-18	Патишта	Слободан Огњеновиќ	Професор	29	4.65
ГТ3-З1-18	Патишта	Ристе Ристов	Асистент	29	4.86
ЗС-29-ГР-18	Патни јазли	Слободан Огњеновиќ	Професор	1	5.00
ГР-ТИ-З-121	Патни јазли	Слободан Огњеновиќ	Професор	1	4.70
ЗС-29-ГР-18	Патни јазли	Ристе Ристов	Асистент	1	5.00
ГР-ТИ-З-121	Патни јазли	Ристе Ристов	Асистент	1	5.00
П1-ГР-18	Пракса	Златко Зафировски	Професор	2	3.75
ГТ-13-18	Пракса	Јован Папиќ	Професор	2	4.60
П1-ГР-18	Пракса	Коце Тодоров	Професор	21	4.63
П1-ГР-18	Пракса	Маријана Лазаревска	Професор	2	3.50
П1-ГР-18	Пракса	Стевчо Митовски	Професор	2	3.60
ПК-18	Пракса за конструктивна насока	Дарко Наков	Професор	2	5.00
ПК-18	Пракса за конструктивна насока	Дарко Наков	Асистент	1	5.00
ПС-18	Пракса за насока транспортна инфраструктура	Слободан Огњеновиќ	Професор	2	5.00
ПС-18	Пракса за насока транспортна инфраструктура	Ристе Ристов	Асистент	2	5.00
Г1-23-18	Просторно планирање	Златко Богдановски	Професор	1	5.00
ГР-ТИ-З-123	Процена на проекти од транспортна инфраструктура	Зоран Кракутовски	Професор	3	5.00
ГР-ТИ-З-123	Процена на проекти од транспортна инфраструктура	Ивона Недевска	Асистент	3	5.00
ГР-К-И-1210	Проценка на животен циклус на објекти	Тодорка Самарџиоска	Професор	1	5.00

ГР-К-И-1210	Проценка на животен циклус на објекти	Тодорка Самарџиоска	Асистент	1	5.00
ЗХ-33-ГР-18	Системи за наводнување	Катерина Доневска	Професор	1	5.00
ЗХ-33-ГР-18	Системи за наводнување	Никола Крстовски	Асистент	1	5.00
ЗХ-29-ГР-18	Системи за одводнување	Катерина Доневска	Професор	1	5.00
ЗХ-29-ГР-18	Системи за одводнување	Никола Крстовски	Асистент	1	5.00
ЗС-42-18	Сообраќајно-техничка опрема и паркиралишта	Горан Мијоски	Професор	1	5.00
ЗК-30-ГР-18	Специјални видови бетон	Тони Аранѓеловски	Професор	5	4.96
ЗК-37-18	Специјални видови бетон	Тони Аранѓеловски	Професор	2	4.10
ЗК-30-ГР-18	Специјални видови бетон	Дејан Јанев	Асистент	5	4.94
ЗК-37-18	Специјални видови бетон	Дејан Јанев	Асистент	2	3.85
Г1-28-18	Сферна тригонометрија	Даниел Велинов	Професор	1	5.00
31-19-ГР-18	Теорија на конструкции 2	Лилјана Денковска	Професор	27	4.86
31-19-ГР-18	Теорија на конструкции 2	Кристина Милкова	Асистент	27	4.90
ЗК-29-ГР-18	Теорија на површински носачи	Симона Богоевска	Професор	20	4.75
ЗК-29-ГР-18	Теорија на површински носачи	Симона Богоевска	Асистент	2	4.35
Г1-09-18	Теориска механика	Ѓорѓи Ѓорѓиев	Професор	1	4.00
Г1-09-18	Теориска механика	Наташа Малианска	Асистент	1	5.00
УП-12-18	Транспортна инфраструктура	Златко Зафировски	Професор	3	5.00
31-27-18	Тунели	Дарко Мославац	Професор	2	4.20
ЗС-34-ГР-18	Тунели	Дарко Мославац	Професор	1	4.60
ГР-ТИ-З-125	Управување и одржување на патишта	Горан Мијоски	Професор	2	5.00
ГР-Х-З-121	Уредување на водотеци	Виолета Ѓешовска	Професор	4	5.00
ГР-Х-З-121	Уредување на водотеци	Бојан Илиоски	Асистент	4	5.00
ГТ-10-18	Фундирање 2	Јосиф Јосифовски	Професор	2	4.40
ГТ-10-18	Фундирање 2	Бојан Сусинов	Асистент	2	4.45
ГР-Х-З-126	Хидроенергетски објекти	Љупчо Петковски	Професор	3	5.00
ГР-Х-З-126	Хидроенергетски објекти	Фросина Пановска	Асистент	3	5.00
ГР-Х-З-122	Хидрометрија	Виолета Ѓешовска	Професор	3	5.00
ГР-Х-З-122	Хидрометрија	Бојан Илиоски	Асистент	3	5.00
31-21-18	Хидротехнички конструкции	Љупчо Петковски	Професор	44	4.50
31-21-18	Хидротехнички конструкции	Стевчо Митовски	Асистент	5	4.48
31-21-18	Хидротехнички конструкции	Фросина Пановска	Асистент	40	4.56
ГР-К-З-122	Челични конструкции на згради	Петар Цветановски	Професор	3	4.60
ГР-К-З-122	Челични конструкции на згради	Миле Партиков	Асистент	3	5.00

СТУДЕНТСКА АНКЕТА ЗА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА СТУДИРАЊЕ

Број на анкетирани лица: 116

Ранг на оценки: 1 (најниска) – 5 (највисока)

Вкупна просечна оценка: 4.13

Општа оцена за квалитетот на студирањето на УКИМ: 3.95



Предавањата се одвиваат во соодветни простории со адекватна опрема.



Имам функционална е-адреса на Факултетот, на која ги добивам сите потребни информации.



Во библиотеката ги имам на располагање изданијата кои ми се потребни за студирањето.



Преку Факултетот/Институтот редовно добивам информации за можности за пракса, вработување, учество на конференции или други можности за напредување/усовршување.



Имам посетувано обука за кариера, вештини за вработување или др., организирана од Факултетот/Институтот.



Задоволен/на сум од функционирањето на студентската организација



Вработените во студентската администрација брзо и ефикасно ги извршуваат своите услуги.



Вработените во студентската администрација се достапни на е-пошта и телефон во текот на работното време.



Задоволен/на сум од услугите на студентската администрација.



На Факултетот се води грижа за условите за студирање.



Која е вашата општа оцена за квалитетот на студирањето на УКИМ?



КОМЕНТАРИ:

1. **Од што сте најмногу задоволни во однос на условите за студирање?**
   - Достапност до консултации со професорите.
   - Распоредот на програмата.
   - Од тоа што има солидни услови за настава.
   - Достапноста на професорите и асистентите за консултации поврзани со нивниот предмет и за други работи кои се поврзани со градежништво!
   - Можда да има подобар кампус на факултет!
   - Повеќето професори и асистенти се достапни за консултации.
   - Неколкуте асистенти и професори кои навистина се трудат да пружат помош и консултации кога е потребно !!
   - Од достапноста за консултации на работниот кадар, многуте материјали за учење, спремноста за изнесување на материјалот.
   - Новите училници.
   - Достапноста за консултации на наставниот кадар на факултетот. Спремност за изнесување на материјалот.
   - Од способностите на наставниот кадар.
   - Професорите и асистентите.
   - Достапноста на професорите за нас студентите.
   - Достапност на асистентите и професорите.
   - Има клима уреди, уредни тоалети и убави простории за учење, квалитетна читална.
   - Има клима, нови тоалети, читална, библиотека.
   - Сега условите се подобри, до пред 3-4 години, условите беа лоши. Единствено на читални да се спроведе почеста контрола за студентите кои седат таму, дали се од Градежен факултет и после излегување да си го средат местото на кое работеле и да си го соберат материјалот што го оставаат на маси.

2. **Од што сте најмалку задоволни во однос на условите за студирање?**
   - Нема клими во сите училници (кога се полагаат испити во летен период во училници 130 и 131, се губи концентрација заради топлината). Збиеност на распоредот во прва и втора година на циклус на студии (многу тешко се исполнуваат обврските во дадената временска рамка).
   - Греење/ладење во просториите каде се држи настава, звукот произведен од инвентарот т.е таканареченото „чкрипење“ на столчињата во скоро сите предавални.
   - Малкуте (немање) паузи за време на испитите кои траат повеќе од 3h, корекциите на програмите може да бидат во групи да не мора сите студенти да чекаат. Во некои училници нема клими поради кое е отежнато полагањето, се губи концентрација.
   - Голем дел од времето немавме WC, нема бифе
   - Неработните денови во годината се однапред утврдени и ги пишува во распоредот, но сепак секој семестар се доцни, како впрочем да сме изненадени од празниците....
   - Дозвола за позајмување на поголем број на книги од библиотеката (не само 3).
   - Факултетот се подобрува.
   - Да може да се земаат повеќе книги од библиотеката, бидејќи ни се дозволени само 3.

- Во библиотеката нема доволно книги за сите студенти, а и тие што ги има често се постари и во лоша состојба.
- Обемноста на материјалите во еден семестар, премногу време на факултет, а притоа и премногу потребно време дома за совладување на барањата од нас.
- Седењето на столчињата во амфитеатарот е тесно и неугодно. Исто така клупите би можеле да бидат со поблага косина, бидејќи приборот за пишување често се лизга и паѓа доле.
- Прерано се слушаат одредени предмети за кои е потребно многу повеќе знаење за да би можело добро и со повеќе разбирање да се совлада материјалот.
- Малку пракса, многу теорија.
- Немаме никакви практични вежби за 95% од предметите. Плаќаме материјални трошоци, а дури и на полагање си носиме листови за пишување.
- Генерално се е океј, особено последниве години условите многу се подобрија така да, топ е сега за сега.

3. Дополнителен коментар

- Сакам да додадам дека треба да се реновираат студентските домови и да им се овозможи подобри услови за престој на студентите кои не се од Скопје, исто така мензите во домовите да се подобрат и да им се врати доручекот, без разлика што ние зимаме студентски оброк, студентите кои што не се од Скопје се дискриминирани.
- Одлично
- Најорганизиран факултет на УКИМ!
- Одлична организација на факултетот, сите професори се многу организирани, многу фер, колегијални за соработка и отворени се за помош на студентите.
- За повеќето предмети нема книги, што навистина е голема потреба за студирање и надоградување на знаењето.
- Бангладеш има подобар универзитет.
- Нека продолжат со убавите работи како последните години :D.

ПЕРЦЕПЦИЈА НА НАСТАВНИОТ КАДАР ЗА КВАЛИТЕТОТ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА

Број на анкетирани лица: 37 од 58 (63.8%)

Ранг на оценки: 1 (најниска) – 5 (највисока)

Вкупна просечна оценка: 3.97



Задоволен/на сум од просторните услови за работа



Единицата ми обезбедува адекватна опрема (компјутер, печатач и др.) и потрошен материјал за мојата работа.



Задоволен/на сум од хигиенските услови во просториите кои ги користам.



Редовно добивам информации во врска со можностите за усовршување, учество на конференции, проекти итн.



Постапката за пријавување и спроведување на научноистражувачки и стручно-апликативни проекти на единицата е едноставна.



Имам пристап до публикации (електронски, печатени) кои ми се потребни за мојата работа.



На единицата се промовира атмосфера на доверба, соработка и транспарентност во работењето.



Задоволен/на сум од моето учество во одлучувањето, вклучувајќи и во комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови и други стручни комисии.



На единицата не постои дискриминација по кој било основ (пол, национална, верска или политичка припадност итн.).



Редовно учествувам на обуки за унапредување на моето знаење и вештини, организирани од единицата



Деканатската управа навремено и ефективно ги решава сите потенцијални проблеми.



Задоволен/на сум од поддршката која ја добивам од стручно-административниот кадар на единицата



КОМЕНТАРИ:

1. **Од што сте најмногу задоволни во однос на условите за работа?**

   – Редовно се подобруваат просторните услови за работа иако средствата за таа намена се скромни. За секој наставник и соработник се обезбедени посебни кабинетски канцеларии.

   – Просторни услови.

   – Соработката со колегите.

   – Тимска соработка и поддршка.

   – Имам кабинет со клима, компјутер, лап топ, печатар...и сите материјали потребни за работа. тонер, хартија, папки.. се снабдуваат правовремено кога се потребни.

   – Можноста за истражување и натамошно усовршување.

   – Стручноста и ефикасноста на административниот кадар.

   – Има солидна инфраструктура.

   – Можностите кои ги нуди ГФ

   – Не постои состојба во однос на условите за работа која треба посебно да се истакне.

   – Добри просторни услови - посебен кабинетски простор за секој вработен (барем на нашата единица).

   – Недоволен број на квалитетен оструче и обичен административен кадар и соодветни административни служби кои ќе преземат дел од административните обврски што често паѓаат на товар на наставниот кадар и го окупираат нивното скапоцено време кои би требало да биде насочено кон наставната и научно-истражувачката работа.

   – Имам свој кабинет.

   – Од комоција.

2. **Од што сте најмалку задоволни во однос на условите за работа?**

   – Ограничени и скромни средства за набавка на најнова ИТ и лабораториска опрема, ретка набавка на литература, нема вработени лаборанти - ограничена можност за истражување, недоволни средства за истражување.

   – Опременост на лаборатории.

   – Хигиената на факултетот.

   – Недостаток на млади соработници.

   – Од (не)достапноста на публикации и литература, (не)можноста за Еразмус мобилности.

   – Хигиената може да се подобри.

   – Дигитализација на процесот на работа (администрација-наставен кадар).

   – Објектот во кој се изведува наставата и другите активности е прилично стар и е тежок за одржување.

   – Меѓучовечките односи се на ниско ниво на кое нешто придонесуваат избраните раководни структури на факултетот преку форсирање на блиски луѓе во задоволување на индивидуални интереси.

   – Недоволен број на квалитетен млад кадар кои треба да понесе значителен дел од наставната и научно-истражувачката работа.

   – Премногу ресурси се посветуваат на апликативната дејност што негативно влијае на развојот на наставната и научно-истражувачката дејност кои треба да бидат во примарен фокус.

- Еве една работа на пример. Лаптопот ми е 5 години стар, евтин со i3 процесор и спор. За нов лаптоп или треба да ги потрошам средствата за конференции (две години по 300 евра да не одам на конференција. Има опција преку МОН, но тој не плаќа смештај, а и дава помалку од сметките за трошоци што му ги носам, гломазна процедура за аплицирање, демотивира) или да се мачам со спориот лаптоп. Добро е што имам избор, но треба лаптоп да добиваме на секои 4-5 години, да не биде од најевтините, независно од средствата за конференции. Па и во наставата да имаме и таблет и училна со смарт табла, за тие што сакаат да држат настава на таков начин.
- Хигиена и услови за хранење (недостаток на менза).

3. Дополнителен коментар

- Со задоволство работам на Градежен факултет, целиот персонал и наставен и административен е со високи професионални и морални квалитети.
- Тешко е да се оцени единицата поединечно, бидејќи голем дел од проблемите се заеднички. Оттука, моите оцени се за УКИМ и единицата заедно, не само за единицата.

ПЕРЦЕПЦИЈА НА СТРУЧНО-АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАДАР ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Број на анкетирани лица: 9 од 9 (100%) без служба за хигиена

Ранг на оценки: 1 (најниска) – 5 (највисока)

Вкупна просечна оценка: 3.90



Задоволен/на сум од просторните услови за работа



Единицата ми обезбедува адекватна опрема и потрошен материјал за мојата работа



Задоволен/на сум од хигиенските услови во просториите кои ги користам



Во стручната служба се промовира атмосфера на доверба и соработка



На единицата не постои дискриминација по кој било основ (пол, национална, верска или политичка припадност итн.)



Редовно учествувам на обуки за унапредување на моето знаење и вештини, организирани од единицата или други установи



Деканатската управа навремено и ефективно ги адресира сите потенцијални проблеми



Задоволен/на сум од поддршката која ја добивам од раководителот на службата



КОМЕНТАРИ:

1. **Од што сте најмногу задоволни во однос на условите за работа?**
   - Од поддршката на одредени професори и нивната помош во одредена проблематика.
   - Спокојот кој го нуди работното место.
   - Ништо посебно.
   - Колегијален однос.

2. **Од што сте најмалку задоволни во однос на условите за работа?**
   - Од колегијалноста и односот на одредени вработени.
   - Одржување на хигиена, немање слух за работното место од страна на управата на факултетот, неисплатени средства кои ми следат по правилник и др.
   - Работно време.
   - Немам забелешка за условите за работа.

3. **Дополнителен коментар**
   - Сметам дека условите за работа не се исти за сите вработени.

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 03/11
10-07- 20 24 год.

ИЗЈАВА

Под полна материјална и кривична одговорност јас, проф. д-р Горан Марковски, со ЕМБГ 2007961450138, одговорно лице (декан) во високообразовната установа Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Градежен факултет Скопје, изјавувам дека сите податоци прикажани во извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Градежен факултет Скопје за периодот на учебната 2023/2024 година се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

Проф. д-р Горан Марковски

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје * Република Северна Македонија * ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Јас, НОТАР Билјана Пецовска
Бул.Партизански одреди бр.43Б, мезанин, локал 2,
Скопје

Потврдувам дека
за Република Северна Македонија - Универзитет "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје - ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје факултет подружница, Булевар Партизански одреди бр.24, Скопје-Центар, ЕМБС: 6462790, застапникот по закон овластено лице Декан Горан Марковски, ул.Багдадска бр.16, Скопје-Карпош, во мое присуство своерачно го потпиша писменото, Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: А2194601 Издадена од МВР Скопје

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 100 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 200 денари.

Број УЗП 1889/2024

Во Скопје 10.07.2024

НОТАР

Билјана Пецовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подружницата на основните судови на градот Скопје
НОТАР
БИЛЈАНА
ПЕЦОВСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЗАМЕНИК - НОТАР
САША ТОМОВСКА
за подружницата на основните судови на градот Скопје